# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 ноември 2008 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,31 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Иван Стоилковиќ, Кенан Хасипи, Горан Ѓуровски, Љубисав Иванов Ѕинго, Панче Дамески, Љиљана Затуроска, Имер Селмани, Арбен Џафери, Мендух Рачи, Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Славица Грковска Лошкова и Фијат Цановски, ме известија дека се спречени да присуствуваат ан седницата.

За седницата известени и поканети се Претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, членовите на Владата на Република Македонија, Главниот државен ревизор, претседателот на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Записниците од 18-тата, 25-тата и 26-тата седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од 18-тата, 25-тата и 26-тата седница се усвоени без забелешки.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предалга дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки и Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлозите ви се поделени.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 3 ноември 2008 година утврди Предлог одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки и изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

По однос на првата точка Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 6 ноември 2007 година го донесе Законот за јавни набавки со кој меѓу другото се основа Државна комисија за жалби по јавни набавки.

Согласно членот 202 став 2 од Законот, претседателот и членовите на Државната комисија за жалби по јавни набавки ги именува по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Согласно измените на Законот Државната комисија за жалби по јавни набавки треба да се избере најдоцна до 30 ноември 2008 година поради што барам оваа точка да се разгледа на денешнава седница. Дополнувањето со точката Предлог одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија го предлагам поради соодветни измени што ги предложи пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во две работни тела на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 54 пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 66 пратеници, можеме полноважно да одлучуваме.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 55 пратеници, воздржани нема, 3 пратеника гласаа против.

Констатиртам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешнара седница го предлагам следниот дневен ред.

1.Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки;

2.Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

3.Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Репбулика Полска за уредување на билатералните договорни односи, со Предлог на закон;

4.Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за прибавување на докази во странство во граѓанските или трговските работи, со Предлог на закон.

5.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, со Предлог на закон;

6.Предлог за донесување на закон за возила, со Предлог на закон;

7.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон;

8.Предлог за донесување на закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, со Предлог на закон;

9.Предлог за донесување на закон за задолжување согласно “Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници - Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995”, со Предлог на закон.

10.Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските од “Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД-Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници - Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995”, со Предлог на закон;

11.Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, со предлог на закон;

12.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, со Предлог на закон;

13.Предлог за донесување на закон за Државниот испитен центар, со Предлог на закон;

14.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието, со Предлог на закон;

15.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште, со Предлог на закон;

16.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, со Предлог на закон;

17.Предлог за донесување на закон за сестринска дејнсот;

18.Предлог за донесување на закон за акушерска дејнсот;

19.Барање за давање на автентично толкување на член 122 од Законот за сопственост и други стварни права, поднесено од општина Аеродром;

20.Барање за давање на автентично толкување на одредби од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сосптвеност, поднесено од општина Аеродром;

21. Барање за давање на автентично толкување на одредби од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост поднесено од општина Аеродром;

22.Барање за давање на автентично толкување на член 1 став 4 точка 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности, поднесено од претседателот на Советот на општина Делчево;

23.Барање за давање на автентично толкување на член 124-а став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Кисела Вода'

24.Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејнсот за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2009 година.

25.Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2009 година;

26. Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2007 година;

27.Предлог на национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014 година;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување, или дополнување на дневниот ред да се приајват за збор.

Бидејќи никој не се пријави за збор за изменување и дополнување на дневниот ред од страна на пратениците, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 59 пратеници, од нив за гласаа 58, од гласањето не се воздржа никој, против гласаше 1 пратеник.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека гласањето е полноважно.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точките од еневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено, ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот, може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Процедурално Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, предлагам точка 3 - Предлогот за донесување на закон за ратификација на Согодбата меѓу Република Македонија и Република Полска за уредување на билатералните договорни односи, Со Предлог на закон, наместо трета да биде последна точка на дневен ред.

**Трајко Вељаноски:** Точката 3 да биде последна, со оглед на тоа дека ќе има одредени измени кои што ќе стигнат од Владата во однос на техничките работи кои што се во законот. Затоа е и вашиот предлог.

Имате ли поддршка од 10 пратеници?

Со оглед на тоа дека има подршка од 10 пратеници, предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, за гласаа 57 пратеници, воздржаннема, против гласаа 2 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за именвуање на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои скаат да говорат по општата расправа по Предлогот на одлуката да се пријават за збор. Благодарам.

За збор се јави и има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас нема да се осврнам на кандидатите кои се овде дадени како избор на Комисијата иако ценевме дека од пријавените кандидати има луѓе кои имаат побогато искуство и потранспарентна работа во својот работен век.

Пратеничката група на СДСМ нема да го поддржи овој предлог од принципиелни причини што сега ќе ги образложам.

Една од главните забелешки кон нашата држава од страна на Европската комисија е неразумното и бахато трошење на буџетските средства.

Ако може претседателе да се создадат услови за работа.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам да го сослушаме колегата.

**Јани Макрадули:** Една од забелешките на Европската комисија е ненаменското, недомаќинското и бахато трошење на буџетските средства. Затоа многу препораки, директиви и измени на законот сме направиле, со цел јавните набавки да бидат под посебен мониторинг и посебна контрола.

Собранието донесе, во декември 2007 година, пренамена, надвор од закон, на 45 милиони евра. Пред некој ден тоа го направи на пренамена на 72 милиони евра кои треба да се потрошат за два месеци. Затоа директивите и препораките велат да постои независна и второстепена комисија односно државна комисија за жалби по јавни набавки која ќе се избира во Собранието. Идејата да се бира во Собранието, значи дека таа комисија треба да ја учива поддршката на пратениците, како Комисија која ќе се грижи како се трошат буџетските средства. За жал, Европската комисија и претседателот на Комисијата не најдоа за сходно дека составот на Комисијата треба да биде формиран како дел од еден консензус, од аспект на поголема независност и стручност на Комисијата. Затоа реков, постојат повеќе директиви од Европската комисија кои ние сме ги преточиле во закон, но за жал кога треба да ги примениме сме глуви или слепи при директивите, а глуви при укажувањата на опозицијата. Затоа Република Македонија, за

жал има единица по демократија. Затоа во европскиот Извештај пишува дека Република Македонија нема дијалог меѓу политичките партии затоа што Собранието каде што треба да конвергираат различните мислења во еден заеднички став, посебно за комисија која бара да зрачи со независност и стручност, ние паѓаме на првиот испит во имплементација на законот. Ако составот кој бил во поголема мера поставен од Владата, а сега го бира парламентарното мнозинство без консултација со опозицијата, јасно покажува дека во Република Македонија немаат политичка волја од ВМРО-ДПМНЕ да се контролираат средствата што граѓаните ги уплаќаат во собирањето на буџетот, кои потоа ненаменски ги троши ВМРО-ДПМНЕ. Затоа три години никој не знае колку чини една кампања, затоа ни на едно пратеничко прашање ние не можеме да добиеме одговор колку чини една кампања, или пак како што министерот за финансии во својот говор вели, за тоа прашајте ја Владата, како да има два буџети, еден на Груевски и еден на Славески. Затоа Европската комисија препоражува да се смени Законот и да се формира државна комисија за жалби по јавните набавки, од страна на Собранието, со што ќе и се даде поголема независност, сила и моќ да го контролира она што е на граѓаните на Република Македонија. За жал, единицата за демократија продолжува и понатаму.

Да изразиме разочараност од немањето политичка волја на ВМРО-ДПМНЕ да направи барем обид за ваква значајна комисија да добие поддршка од опозиционите партии во Република Македонија.

Јас знам дека, премиерот го слушавме минатиот пат, вели јас добив мандат, можам да правам што сакам. Не. Затоа постои Собранието. Уставот му дава право на Собранието да биде политички контролор, да биде мониторинг на работењето на Владата. Но кога парламентарното мнозинство во Собранието самото ги сече корените на демократијата внатре во Собранието, тогаш не можеме да си ја остваруваме уставната функција да бидеме контролор на работењето на Владата.

Јас реков во име на пратеничката група дека ние нема да ги коментираме, иако имаме многу забелешки за луѓето што се овде. Зборуваме за постапката, за начинот на носење на оваа одлука која не е во духот на Законот за јавни набавки член 202, не е во духот на препораките на Европската комисија и не оди во функција на поправање на единицата по демократија, што за жал Република Македонија ја има од денес. Ќе помине време, ќе се отворат многу дебати и дилеми во јавноста, но парите на граѓаните кои одат во Буџетот ќе отидат во неповрат односно во небулозни кампањи. Затоа изразуваме негодување, револт, континуирана разочараност од ваквиот игнорантски однос на парламентарното мнозинство, на неградење доверба внатре во Парламентот кога парламентарното мнозинство нема сили и координаторот на пратеничката група на парламентарното мнозинство кога нема сили да се извини за она што го направи пратеничката група пред очите и ушите на целата македонска јавност. Можеби сум идеалист, да се надевам дека ќе се гради доверба на градење на институција што треба да се грижи за парите на граѓаните во Република Македонија. Затоа пратеничката група на СДСМ нема да го поддржи овој предлог, реков, со потврда на разочараноста дека нема политичка волја во ВМРО-ДПМНЕ, единицата по демократија да се поправи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Господине Бучковски гледам сте се пријавиле, но не гледам тука дека имате право на реплика. Како може да имате реплика на пратеник од иста пратеничка група. Мислам дека на координација тоа го договоривме.

**Владо Бучковски:** Претседателе немате право да не ми дадете збор.

**Трајко Вељаноски:** Господине Бучковски, мислам дека и госпоѓа Цветанка Иванова знае дека кога бевме на координација го договоривме принципот дека реплика на говорот на пратеник од иста пратеничка група, нема.

**Владо Бучковски:** Претседателе може да ви укажеме ако лошо ги водите работите. Значи не се договарајте во име на колективитети. Овде поединци се пратеници, не се пратенички групи. Тогаш да правиме бламажа како вчера, да зборат само седуммина, никој да нема право ...

**Трајко Вељаноски:** На координација се договоривме координаторот од пратеничка група да збори од име на пратениците од пратеничката група.

**Владо Бучковски:** Не може нешто што било исклучок да го правите правило. Јас ќе се спротивставувам секогаш ако спречувате да зборуваат пратениците. Вчера, ајде беа повисоки државните интереси, да не зборуваме, да не реплицираме, дури од место не смеевме да се гледаме. Мене ми беше страв да го погледнам Влатко Ѓорчев да не ме испровоцира да кажам нешто и сите седевме мирно и гледав само во телевизорот, само во телевизорот, за да не направам некој гест затоа што се гледаме од време на време, интересно ни е со колегата Ѓорчев.

**Трајко Вељаноски:** Реплика за господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Конечно мораше да пукам од арсеналот на тешко оружје за да добијам збор овде.

Како прво, сакам јас да кажам нешто, ако не сака пратеничката група на СДСМ, за кандидатите затоа што во листата на кандидатите, очекував да излезе Илија Димовски и да каже зошто токму овие. Не само да го кажува тоа на Комисија, туку пред очите на јавноста.

Во списокот на кандидатите има еден висок професионалец кој го направи еден од најсложените тендери, тендерот за биометриските пасоши со кои се фали Владата, но не доволно квалификуван да се најде на оваа листа. А за претседателот на Комисијата, која е моја стара пријателка и ми беше колешка во времето на прегласувањето во седмиот круг во Студеничани, кога беше претседател на Изборната комисија, ќе се погледне што зборуваше Трајко Вељаноски, а што зборуваше опозицијата тогаш.

Не и замерувам што добро се снашла, но замерувам на предлагачот кој не води сметка дека нејзината последна функција е заменик претседател на Второстепена комисија за јавни набавки при Владата. Не може директно некој од извршната власт да го трансферираме во законодавната власт и да бидеме контролори. Вака почитувани колеги не можеме да добиеме барем два минус по демократија.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата,

Мојата реплика е до господинот Макрадули.

Вие господине Макрадули, не знам од која прижина дадовте забелешка до претседателот на Комисијата за избори и именувања, господинот Илија Димовски, кога сега гледам и господинот Бучковски целата своја енергија ја насочува кон претседателот на Комисијата. Но, човекот, господине Макрадули и господине Бучковски нема појма кои се тие кандидати. Тоа, си има таму принцип на функционирање на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа се кандидати кои сега веќе единствениот преговарач во спорот со Република Грција господинот Мартин Протуџер, го парафира списокот, госпоѓата Гордана Јанкуловска исто така.

**Трајко Вељаноски:** Господине Мисовски во што е репликата.

**Горан Мисовски:** Репликата е во тоа што колегата Макрадули целата енергија ја упати ...

**Трајко Вељаноски:** Може ли да се сослушаме.

На претеник кој побарал збор да испрати неточно пренесен наод или нарочно предизвикал недоразбирање. Во што е пренесен наод? Кој наод е пренесен.

**Горан Мисовски:** Дека колегата Илија Димовски е виновен затоа што овие предлози дошле на Комисијата за избори и именувања и еве сега ни се предлагаат на Собрание. Тоа го говорам претседателе и во поткрепа токму за онаа единица за која говореше и Јани Макрадули, единица за ваквите кадровски решенија, единица за партизација на државната јавна администрација. За тоа говорев претседателе, вакви работи да не ни се случуваат. Ќе беше доблесно од вас да понудевте, бидејќи Собранието ги избира овие членови, да понудевте на опозицијата барем еден член да има во оваа Комисија, ако ништо друго да може да има контрола на се она што се случува во Комисијата за жалби по јавни набавки. Стотици и стотици жалби се одбиваат неосновано заради тоа што таму, еве нема да споменувам имиња, во кадровската комисија на ВМРО-ДПМНЕ се одлучува на кого може да му се даде тендер, на кого не може да му се даде тендер. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика за господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Како што дофрлаат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ тој е систем кој функционира и кој очигледно во пракса се покажал како добар. Цитирам, дофрлувања, неумесните не ги цитирам бидејќи се грижам за дигнитетот на Собранието.

Јас верувам дека господинот Димовски не ги знае луѓето, исто како што верувам дека и Собранието со денешниот оглас за 25 работни места, не ги знае барем оние кои десет, во кулуарите се зборува дека веќе работат на своите места, каде се знае кои десет луѓе веќе работат, а наводно конкурсот денес излегува. Така што, се надевам дека и тие не се познати дека ќе има фер распределба и дека најквалитетните ќе ибдат избрани во Собранието. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Горан Мисовски ќе ви каже, тој има познавање.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно глаа 68 пратеници, за гласаа 55 пратеници, воздржани нема, против гласаа 13 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на претседател и членови на државна комисија за жалби по јавни набавки.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во општата расправа по Предлогот на одлуката, да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, за предлогот на одлуката гласаа 60 пратеници, воздржани нема, против гласаа 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на одлуката за избор на

претседателе, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 4 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за прибавување на докази во странство во граѓанските или трговските работи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на Законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор. Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлгам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Ратификација на Конвенцијата за прибавување на докази од странство во граѓанските или трговските работи.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, од нив за гласаа 59 пратеници, не се воздржа никој, еден гласаше против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, од нив за предлогот гласаа 55 пратеници, еден воздржан, против нема.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 69 пратеници, полноважно е гласањето и констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот, да се пријват за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор госпоѓица Рунчева Христина, повелете.

**Христина Рунчева:** Ви благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ја поздравувам идејата за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за прибавување на докази во странство во граѓански или трговски предмети. Овој акт, инаку, е попознат како Хашка конвенција за прибавување докази во странство во граѓански или трговски работи е донесен на 18 март 1970 година, но вистинската практична примена од страна на државите договорнички е остварена во 2000 година.

Потребата од практична примена на оваа конвенција која се состои во давање на меѓународна правна помош при изведување на докази во странство ќе се одрази со нејзиното прифаќање во правниот систем на дури 45 земји, меѓу кои се вбројуваат Велика Британија, САД, Руската Федерација, Кина, Индија, Германија, Франција, Австралија, а од нашето потесно опкружување прифатена е од Бугарија, Грција, Босна и Херзцеговина и Словенија.

Исклучителната важност на овој акт се состои во зајакнување на процесот на заемна судска соработка во граѓанските или трговските работи меѓу земјите договорнички. Имено, оваа конвенција регулира еден значаен сегмент од давањето на меѓународна правна помош, а тоа е изведувањето на докази во странство меѓу државите договорнички.

Начинот на обезбедување на овој вид на меѓународна правна помош се состои во можноста на судскиот орган на државата договорничка, согласно одредбите на сопственото право да достави замолница до надлежната власт на друга држава договорничка, со цел да се иведат докази или да биде преземено било какво друго дејство во судска постапка во граѓанските или трговските предмети. Замолницата не смее да биде употребена за изведување на докази кои не се наменети за употреба во веќе започната судска постапка или пак постапка која треба да биде покрената.

Конвенцијата ја обврзува Република Македонија да определи центрлен орган одговорен за примање на замолниците испратени од друга држава договорничка и за нивното проследување до органот кој е надлежен за нивно извршување.

Согласно домашното законодавство улогата на централен орган во Република Македонија му е доверена на Министерството за правда.

Со пристапувањето на нашата земја кон конвенцијата значително се подобрува начинот на изведување на докази и комуникација со државите договорнички. Тоа значи дека во предметите во кои една од страните, физичко или правно лице се јавува со живалиште односно седиште во странство, судската постапка ќе биде извршена во Република Македонија, а доказите во граѓанските или трговските предмети ќе бидат изведени во државата договорничка врз основа на упатената замолница. Извршувањето на замолницата единствено може да биде одбиено, доколку нејзиното извршување не е во надлежност на судските органи во државаа на извршување или кога замолената држава смета дека извршувњето би било на штета на нејзината сувереност и безбедност.

Овие резерви се во функција на заштита на државите договорнички од барања на доследно почитување на принципите на компетентност и принципот на професионалност, но воедно и на

заштита од повреда на безбедноста и суверенитетот како врвен приоритет на една држава договорничка која и пристапила на оваа конвенција. Значи, со станувањето во сила на оваа конвенција и со нејзиното имплементирање во правниот систем на нашата земја, Република Македонија значително ќе ја подобри ефикасноста во извршувањето на судските постапки, за што е потребо изведување на докази во други земји, заради присуството на странски елемент во истите.

Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе ја поддржи Ратификацијата на Конвенцијата за прибавување на докази во странство во граѓански или трговски работи. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на конвенцијата за прибавување на докази во странство во граѓанските и трговските работи.

**Минуваме на точка 5. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистер и регистер на други правни лица, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратнеиците кои сакаат да говорат по предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следиот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистер и регистер на други правни лица.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратнеици, сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Полноважно е гласањето.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на ова седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеници, сите 54 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни повеќе од 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот на текстот на Предлогот на законот, да се пријават збор. Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 56 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистер и регистер на други правни лица.

**Минуваме на точка 6. - Предлог за донесување на закон за возила, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија господинот Чинговски Томе, и госпоѓата Мираковска Соња.

Има збор господинот Чинговски Томе, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам почитува претседателе,

Почитувани колеги и колешки,

Пред нас се наоѓа еден обемен закон, а јас би рекол и комплексен, со оглед обидот што е содржан во него, а тоа е да се спои во еден законски текст, материја која досега е регулирана со неколку посебни закони или едноставно речено е распрскана.

Нема сомнение дека желбата на законодавецот за средување на оваа материја е јасна. Јасно е и тоа дека сега при ваква постоечка состојба има проболем со соодветни служби од други земји, особено оние европските при прибирањето и размената на падатоци за некои возила и слично. Сето тоа е за поздравување и би било за пофалба дека го остваруваме она што Европа го бара од нас, доколку и во овој случај не се гледа

прикриената намера на владеачката гарнитура односно Владата да стави рака Министерство за внатрешни работи врз сето она што е можно. Станува јасно дека се настојува од страна на Владата да се врши присмотра и полициска пресија врз граѓаните и тогаш кога не е потребно. Таквата желба на Владата односно предлагачот да јакне моќна на полицијата а со тоа да се претвори Македонија во полициска држава евидентна е и доволно прозирна со некои решенија кои се вметнати во овој закон а за кои се тргнува од логиката дека лесно може да се вметне нешто по желба на Владата, а против интересите на граѓаните тогаш кога материјата е обременета со низа термини и поими.

Конкретно, погледнетего членот 71 од овој закон. Со тој член се регулира полагањето на сручен испит на кандидатите за регистрација на возило. Комисијата пред која ќе се полага тој испит не ја формира никој друг, туку министерот за внатрешни работи. Кава коинциденција на власта и тоа партиска полиција.

Прашувам зошто во најмала рака тој стручен ијспит не се полага во стручни институции, факкултети за сообраќај на пример, пред стручни лица за обновување на знаењата. Ваквото понудено решение остава можност дека министерот ќе формира комисија која и не мора да е стручна.

Втората моја забелешка во функција на подобрување на законот и неговото вистинско некозметичко усогласување со европското законодавство се однесува на следното. Никаде во законот не е наведено постоењето на таканаречената книшка на возилото. Кога би постоела законска обврска за постоење и водење книшка на возилото, тоа ќе значи комплексно следење на корисникот и работниот век на возилото со сите негови сервисирања, поправки, преправки, бојадисување или крпење, но и промена на сопствениците. Мислам дека со воведувањето на таквата евиденција на такви книшки на возилото ќе се направи вистинска база на податоци и своевиден регистер. Но, кај секој сопственик на возилото, а не кај полицијата.

Втората забелешка во функција на подобрување на понудените законски решенија односно членови се однесува на следните две работи.

Прво, во член 44 се говори за возилата за посебни намени, но и во тој случај и во целиот законски текст не е кажано и не е јасно кои се тие наменски возила и како ќе се одбележуваат, а да се разликуваат меѓусебно, за да се знае за какви намени и какви возила станува збор. Конкретно, според мене, наменско возило е и она кое ги превезува работниците исклучиво по шумските предели, како дрвосечатите. Но, наменски возила се и оние што ги користат инвалидите и хендикепираните. Мислам дека нивното обележување треба да биде на соодветен начин, прикладно за тоа да упатува за каков хендикеп или инвалидитет станува збор. На пример, не е исто управување на возило на лице со оштетен слух и лице со детска парализа и други форми на инвалидитет.

Второ, сметам дека за да се подобри содржината на текстот, треба да се унифицираат роковите кои се задолжителни за граѓаните по разни основи. Така, најчесто се одредува рокот од 15 дена во кој треба граѓаните или правното лице да преземе некоја активност. Меѓутоа, во член 40 од овој закон каде се пропишува задолжителност на објавата на возилото како рок е предвиден рок од 30 дена. Сметам дека и овде треба да стои рок од 15 дена, како што е наведено во претходните членови.

На крајот, сакам да укажам дека предлогот содржан во член 25 став 2 за доделување статус на возило со музејска вредност. Треба да претрпи измени и наместо предложените 35 години, да стои некоја повисока старосна граница. Се предлага за олд тајмери да се прогласат возила со 35 години старост. Но, знаејќи ја состојбата на нашите патишта и нашиот стандард, се плашам дека половина од возниот парк во Република Македонија ќе биде прогласен за олд тајмери. Ви благодарам.

(Во 12,30 часот со седницата продолжи да раководи Јани Макрадули, потпретседател на Собранието)

**Јани Макрадули:** Благодарам.

За збор е пријавена колешката Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска**: Почитуван потпретседателе, сакам да ве поздравам и да ви посакам успех во работењето.

Почитувани колеги. На почетокот сакам да го изразам своето големо задоволство што овој законски проект конечно се реализира. Станува збор за еден многу сериозен проект во кој, пред се, за прв пат материјата за хомологација се уредува. Еден обемен проект и можеби некои луѓе кои се малку поупатени ќе прашуваат зошто Министерство за економија го носи овој закон. Има неколку причини: Врската која Министерство за економија ја има за да го донесе овој закон е поглавје 3.1.-Слободно движење на стоки, но Министерство за економија оној момент кога ја почувствува потребата дека овој закон треба да се носи пред се заради хомологацијата која две години претходно беше сместена во Бирото за метеорологија како административно тело со еден подзаконски акт затоа што сеуште немавме законски уредена материја се појави потреба конечно проектот да се заврши и неколку пати Министерство за економија, сега зборувам како човек кој работеше во Министерство за економија како директор на Бирото за метеорологија имаше потреба од носење на ваков закон.

Министерството за транспорт и врски, матичното Министерство кое требаше да донесе еден таков закон неколку пати се оглушуваше на таа потреба, не знам од кои причини, се прогласија за некомпетентни за носење на еден вака сериозен закон, можеби за нив беше поинтересно да се

расправаат со закон за чистота, со некои други поинтересни работи како деташмани, карнети, но не еден сериозен проект како што е Законт за возила и затоа го поздравувам Министерството за економија затоа што направи еден сериозен проект. Единствено замерувам на постапката како овој проект решивте да го носите, а тоа е скратена постапка.

Сметам дека како што приодот беше сериозен при носење на овој закон со формирање на еден ревизионен комитет кој многу сериозно во фази го анализираше законот, исто така требаше да се овозможи на пратениците добро и сериозно да го погледат законот, исто така да им се остави малку простор во новата постпапка според новиот Деловник да ги помине сите фази, прво, второ, трето читање и да можеме малку повеќе и посериозно да го погледаме законот за возила.

Но, така решивте, денеска е пред нас, јас, она што го имав како забелешка на овој закон го поднесов како амандмани, поднесов амандмани на делот на водење регистер, тоа малку подоцна ќе го објаснам зошто сметам дека регистерот треба да се води ви Бирото за метеорологија, таму каде ќе стартуваат основните податоци во тој регистер при влезот и при производството на возила, значи кога возилата влегуваат во државата или се произведуваат тука, но за тоа малку подоцна.

Сакам да зборувам во прилог на она колку овој закон е сериозен и каков е приодот на Министерството за економија, а вие ќе ми објасните зошто, од кои причини вака решивте.

Она со што ќе се судри државата е имплементацијата на овој закон и прашањето е

(галама во салата), мислам дека е ова интересна тема поготово за мажите, кажав на Законодавно-правната комисија, а ќе ви кажам и сега, овој закон го почнаа жени, а се однесува на ваша машка тема која верувам дека многу ќе ве интересира.

Значи, имплементацијата на законот е многу сериозна тема, сега беа транспонирани три директиви, но ќе се транспонираат уште 200 директиви и тоа ќе го направи токму министерот за економија. Дали државата во моментот предвидувајќи финансиски средства за имплементирање на овој закон само 2 милиони денари , а малку подоцна ќе видите еден закон за испитен центар во кој се предвидени 2,5 милиони евра, дали може да се имплементира еден таков закон со 2 милиони денари. Морам да ви кажам дека во тие 2 милиони денари милион и 400 илјади денари се средства предвидени од Бирото за метеорологија во една проекција во 2007 година кога сеуште не стануваше збор за правење на овој закон за возила. Ние тогаш влегувајќи во таа работа како административно тело, како државно тело оценивме дека ќе ни биде потребен регистер и предвидовме некои средства, значи вие сте додале само 600 илјади и целиот законски проект е потпрен токму на тие 2 милиони евра предвидени пари од приходната сметка на Бирото за метеорологија, мислам дека тоа не е сериозен приод, дека треба малку повеќе околу тоа да се размисли, а знаете зошто? За да може овој закон компетентно да се имплементира вие морате, државата мора да создаде орган кој ќе биде доволно компетентен поготово хомологацијата на која се однесува 60% од овој закон, можеби слободната проценка не е доволно добра, нема да ми земете за зло, таму е предвидено одделение за хомологација кое треба да ја преземе работата на една комисија во која две години работеа луѓе со многу ентузијазам, дел од вработените во Бирото за метеорологија, дел научни работници кои тоа го правеа затоа што државата требаше конечно да биде во ситуација компетентно да одговори на хомологацијата.

Вие не можете да си дозволите ако не го создадете веднаш, ако веднаш не ги примите тие луѓе во одделението за хомологација и тоа не било какви луѓе, ни случајно партиски војници, таму треба да бидат луѓе кои ќе бидат посветени машински инженери кои добро ќе ја познаваат материјата, ќе знаат 1-2 јазика, ќе можат да се посветат на една работа која е прилично комплицирана, а тоа хомологација на возила, значи треба да предвидите средства, вие воопшто не сте го направиле и во досегашниот период на почетокот кога го направивме практично многу голем дел од луѓето во Бирото за метеорологија беа ангажирани околу хомологацијата.

Ќе ми дозволите само да се навратам во овој момент на институцијата која ја водев, станува збор за исклучително важна институција од која ќе зависи утре индустрискиот развој на нашето стопанство, ќе зависи дали нашите производи ќе се најдат на пазарот или не. Значи, вие не смеете да си дозволите Бирото за метеорологија да го ставите во функција, вашите буџетски проекции мене ми даваат за право да претпоставам дека вие не планирате сериозно да ја развиете хомологацијата, дека планирате и понатаму да се интересирате на такво ниво какво што беше овие две години од Владата доаѓаа само прашања што вие правите со хомологацијата и толку. Во моментот еден ваков законски проект мора многу сериозно да се разгледа.

Што ќе се случи понатаму, еве сега да го имплементираме законот било како почетно со овие ресурси кои ги имаме, кои не се доволно обучени, не се доволно подготвени да го водат тој дел од законот за возила. Ако вие постојано не комуницирате со 29, ако немате капацитет, ако ги имплементирате за година дена 200-те директиви кои се однесуваат токму на таа материја и не сте подготвени за новите директиви кои ќе доаѓаат, знаете, ова е една материја која е многу сложена, сите ние се возиме, 21 век е, дали се тоа возила, леки коли, овде постојано науката нешто прави и менува, државата мора да биде компетентна, не може да си дозволи да се потпре на институции или на организации кои до сега сосема доброволно и заради свој профит беа вклучени во

хомологацијата ние не можеме да дозволиме да знаат повеќе за хомологацијата ние да ги контролираме, а од нив вие да ги контролирате, а од нив да барате да ви дадат одговор и да знаат повеќе. Не можете да го контролирате тој што знае повеќе од вас.

Затоа ме интересира што како Министерство за економија предвидувате за одделението за хомологација, дали планирате сериозно да се посветите на тој проект за навистина да ги постигнеме посакуваните ефекти.

Уште еднаш ќе го кажам своето задоволство овој закон се почна во момент кога со Министерство за економија раководеше НСДП, посебно ми претставува задоволство и сакам да ви кажам дека ќе го подржам овој закон. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Ви благодрам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за возила.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи вкупно гласаа 56 пратеници, ги повикувам службите да констатираме дали имаме доволен број на пратеници во салата.

Во салата има 66 пратеници, констатирам дека гласањето е валидно односно 56 пратеници гласале за, нема против, ни еден пратеник не се воздржа од гласањето.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, 63 гласаа за, нема против, ни еден пратеник не се воздржа од гласањето.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот законот.

Пратеникот Соња Мираковска поднесе амандамни на член 73 и на член 76, по кои Владата на се произнела.

Пратеникот Никола Ќуркчиев поднесе амандман на член 51 за бришење на став 4, по кои Владата не се произнела.

Отворам петрес по амандманот на член 51 за бришење на став 4, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер за економија господинот Хаџи- Васков, повелете.

**Методиј Хаџи- Васков**: Амандманот не се прифаќа.

Кратко образложение, овде не станува збор за нови возила, туку до 8 години старост, нови возила кои прв пат се регистрирани во Република Македонија. Во однос на овие возила техничкиот преглед се врши на секои 2 години, регистрацијата останува да се врши секоја година. Членот 4 е усогласување со анекс 1 од Директивата 1996/96 од Европската унија за техничкиот преглед на возилата. Ова е секаде во Европската унија регулирано на овој начин. Се однесува на техничкиот преглед кој се врши секои две години, а регистрацијата останува да се врши секоја година.

Амандманот не се прифаќа.

**Јани Макрадули:** Бидејќи амандманот не е прифатен ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Бидејќи немаме пријавено пратеници за збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, од нив 12 гласаа за, 48 против, молам службите да констатираат состојба на број на пратеници и ги повикувам пратениците да не разговараат многу меѓу себе, туку да гласаат за да не губиме време во броењето на пратениците. Благодарам.

Бидејќи има 67 пратеника во салата, гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 51 за бришење на став 4, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Отворам претрес по амандманот на член 73, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер за економија господинот Хаџи- Васков, повелете.

**Методиј Хаџи-Васков**: Благодарам, амандманот не се прифаќа.

Овој регистер на возила содржи низа податоци за сите фази од одобрувањето на возилата до завршетокот на возилата и разградбата на истите.

Постојат 6 фази, би сакал да ги набројам.

Прво, технички преглед на возилата.

Второ, регистрација на возилата.

Трето, одобрување односно хомологација на возилата.

Четврто, промена на сопственост на возилото.

Петто, издавање на потврди за уништување на возилата.

Шесто, лицата учесници во извршување на задачите за возилот, нивните обуки и слично.

Само трета и шестата фаза од овие 6 фази 1/3 припаѓаат или се во надлежност на Бирото за метеорологија, останатие 2/3 или првата, втората,

четвртата и петтата фаза се во надлежност на Министерство за внатрешни работи.

Токму поради тоа Владата цени дека треба да остане надлежна во член 73 треба да стои Министерство за внатрешни работи.

Амандманот не се прифаќа.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Има збор госпоѓа Соња Мираковска.

**Соња Мираковска:** Претпоставував дека оваа идеја нема да се прифати. Но, сакам да му одговорам на заменик министерот во врска со мојата идеа, зошто сметам дека регистерот за возила треба да се најде токму во Бирото за метрологија. Во светот никаде таков регистер не се води во министерствата за внатрешни работи. На почеток спомнав дека околу овој закон малку повеќе требаше да се занимава Министерството за транспорт и врски  и во 90% случаи тој регистер се води токму во министерствата за транспорт и врски каде што е матично место. Но, за имплементирање, за она за што пред малку говорев е многу важно овој систем да биде отворен. Можеби предлагачите на законот тргнале од една идеа дека веќе некаков регистер се води во Министерството за внатрешни работи, а тој е еден прилично затворен регистер. И можеби по некоја таква логика сега е наметнато и останатите податоци да се внесуваат на тој начин. Во секој случај бидејќи ова треба да биде достапен регистер за сите, за самата имплементација и самото стартување на регистерот на возила, мислам дека ќе беше најидеално ако се најдеше во Бирото за метрологија каде што има прво технички можности, има четири софтвери, има можности да се имплементира овој регистер, таму се стартните податоци, како институција е многу поотворена. Значи, тука се техничките сервиси кои ќе работат, тука се првичните податоци, комуникацијата со Царина, значи ќе беше многу поедноставно за имплементирање на овој регистер ако се стартуваше тука. Јас верувам дека еден ден ќе се оди со една сосема друга идеа, како што тоа се случи во Словенија, дека еден ден Министерството за транспорт и врски ќе се заинтересира. Штетата е до толку голема што за една многу важна дејност ќе ангажираме сега една институција која има сосема други ингиренции и сосема други потреби на фокусирање. А подоцна кога оваа имплементација во потполност ќе се заврши многу едноставно целото одделение, целиот тој регистер и другите одделенија и од Министерството за внатрешни работи ќе поминат најверојатно, како што е во светот, ќе поминат во Министерството за транспорт и врски. И затоа мислам дека затвореноста на Министерството за внатрешни работи ќе продуцира проблеми на почеток кога ќе почне со имплементирање на овој закон, практично со формирањето на овој регистер. Затоа е штета што од страна на заменик министерот не се прифати овој амандман.

**Јани Макрадули:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 16 пратеници, 1 воздржан и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 73, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 76, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Методиј Хаџи-Васков, повелете.

**Методиј Хаџи-Васков:** Благодарам.

Амандманот по член 76 е тесно поврзан со амандманот по член 73.

Амандманот не се прифаќа.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот, да се пријават за збор.

Има збор госпоѓа Соња Мираковска.

**Соња Мираковска:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман е во контекст на претходниот. Значи, нема смисла ако  претходниот не е прифатен. Бидејќи не се прифати, јас сепак го повлекувам амандманот.

**Јани Макрадули:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на закон, да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за возила.

**Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните

тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Во овој момент немаме претставник на Владата.

Додека дојде претставникот на Владата објавувам 15 минути пауза.

(Пауза од 13,00 часот)

(По паузата сдницата продолжи со работа во 13,19 часот)

**Јани Макрадули:** Да продолжиме со работа. Имаме претставник на предлагачот.

**Минуваме на точка 7-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштитата од пушењето, со предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се приајват за збор.

За збор се пријавени колегите Менде Диневски, Ѓорѓи Оровчанец, Роза Топузова Каревска**,** Томе Чинговски, Станка Анастасова, Емилијан Станковиќ, Миле Пачемкси и Владо Бучковски.

Збор има господинот Бујар Османи, министер за здравство, повелете.

**Бујар Османи:** Благодарам потпретседателе,

Донесувањето на Предлогот на овој закон е предвидено со Националнaта програма за усвојување на европското право.

Како што знаете Законот за заштита од пушење е донесен во 2003 година. Отогаш се направени неколку измени на истиот. Воглавно Законот покрива неколку подрачја, како што се заштита на граѓаните од штетните дејства на пушењето на тутун и на производи поврзани со тутунот, заштита на животната средина од загадувањето, забраната на пушење на цигари и забраната на рекамирањето на цигари. Меѓутоа, во практиката, при имплементирање на законот се наидуваше на проблеми поради недефинирање на поимите на кои јавни мест, бидејки со постојниот Закон се забранија рекламирање на цигари во јавните места. Значи недефинирање на поимот што е тоа јавно место и што е индирекно рекламирање.

Според директивите на Европската унија покриено е ова подрачје во однос на рекламирањето и треба да се тргнат некои бариери во однос на размена на производи за подршка на производите од тутун помеѓу земјите членки на ЕУ. Затоа во овие измени на Законот пеавиме дополнување во смисла на точно дефинирање на тоа што е јавно место и на кои јавни места се забранува рекламирање на цигари, а исто така дека се забранува и индирекното рекламирање, а индирекно рекламирање значи употреба на лого, симболи, букви кои се од тие производи, меѓутоа во случајов не се користат за тој производ.

Исто така до сега во спроведувањето на Законот, инспекцискиот надзор во спроведување на Законот е предвидено да биде Државниот санитарен и здравствен испекторат, Државнио тинспекторат за труд. Сега го предвидуваме и униформираниот полицаец и комуналниот редар да биде вклучен во инспекцискиот надзор односно да може да изрекува казни во вид на глоба, како и да се даде можност за порамнување. Воглавно тоа се измените што ги рпедлагаме со овој закон. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам и јас.

Следен за збор е пријавен господинот Менде Динески, повелете.

**Менде Динески:** Благодарам потпретседателе,

Почитувани пратеници, најпрвин дозволете ми на граѓаните на општина Битола да им го честитам 4 ноември Денот на ослободувањето на Битола.

Предлогот за измени во Законот за заштита од пушење се предлага за 2 месеци по неговото последно корегирање, во периодот кога во Собранието на Република Македонија не присуствуваше опозицијата и не учествуваше во работата на истата. Денес повторно ни се нудат измени на Законот, по брз постапка, иако претседателот на Собранието, господинот Трајко Вељаноски пред цела македонска јавност, пред амбасадорите изјави дека грешел со тоа што ставал на дневен ред закони по брза постапка. Тие исти закони денес се повторно пред нас, ги корегираме, бидејки тогаш ги носевте односно тогаш ги гласавте со светлосна брзина, без да го слушнете мислењето на опозицијата, на засегнатите страни и т.н.

До колку сериозно се пристапеше, во периодот од пред два месеци, денес сигурно немаше да се допрецизираат изменит ево членот 1 од Предлогот на законот, а тоа е што се се подразбира под јавни површини, со крајна цел заштита од штетното дејство од пушењето.

Исто така одредбите кои се однесуваат на рекламирањето на тутунските производи би биле предмет на анализа на Министерството за економија, а не на Министерството за здравство.

На Комисијата кога ја разгледувавме оваа точка, исто така не слушнав како овој закон ќе се рефлектира односно како истите измени кои се предложени ќе се спроведат во пракса и дали тие измени кои денес ги предлагате Ќе се спроведат на територијата на цела Република Македонија, дали примената на забраната за рекламирање на тутунските производи од 1 декември 2008 година нема да имаат никакво влијание врз стопанските субјекти однсоно правните лица кои се директно засегнати од овие измени. Не сумубеден дека ваквите измени ќе поминат без финансиски импликации кон субјектите и правните лица кои се

занимаваат со оваа дејност. Како ќе го запазиме рокот ако од прилика за не цели две недели треба да стапат во примена овие одредби од законот кои ги предлагате. Дали со тоа голем дел на стопански субјекти нема да ги доведеме во позиција да не можат да продолжат со своето работење. Од тие причини повторно потсетуваме дека ваквите измени кои се предлагаат мора да се носат обично една обсежна анализа и консултации со сите засегнати страни, ако сакаме законот да се спроведе во дело, да не се доведеме во ситуација, како при донесување на Законот за јавна чистота, истиот да го изгласаме, а во пракса истиот да не може да биде применлив од повеќе причини за кои денес сметам дека не треба да дискутираме.

Со Предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за заштита од пушењето, се забранува пушење во сите јавни простории, како и рекламирање на тутун и тутунски производи на јавни места. Притоа сакам да истакнам дека СДСМ секогаш подржува законски проекти кои одат во насока на заштита и унапредување на здравјето на граѓаните, како и заштита на животната средина и околина.

Во оваа прилика сакам да спомнам за штетното дејство што го предизвикуваат цигарите врз здравјето на граѓаните, како и ризик факторот за кардиоваскуларни и други заболувања, независно дали се работи за активни или таканречени пасивни пушачи. При тоа многу повеќе треба да посветиме внимание на една сериозна кампања за штетното дејство од пушењето која мислам ќе биде од голема корист за граѓаните,отколку десетици кампањи кои во овој момент ги финансира Валдата на Република Македонија, за кои не се знае ни колку чинат,не се знае воколкав број се и не знаеме какви ефекти се постигнуваат со истите.

На крај, и покрај многубројните измени на Законот во изминатиот период ги претрпе, искрено постои сомнеж дека има голем број на негови недоследнсоти, дека неговата примена во пракса може да биде избегната и да се доведеме во ситуација на изигрување на законот, за што во повеќе наврати оставивме одредени прашања, но до ден денес одговор не добивме.

**Јани Макрадули:** Благодарам и јас.

Следен за збор е господинот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине потпретседателе,

За оваа дискусија ни побегна претседателот на Собранието, а сакав дискусијата да ја започнам со него, со неговото признавање за неговата грешност која ја дефинира пред евроамбасадорите каде на најдемохристијански начин си призна дека грешевме, е една од грешките што ја призна претседателот на Собранието, е оваа грешка односно овој закон кој сега повторно го имаме пред нас.

Министерот спомна, тука министерот не го обвинувам затоа што е тој нов член во Владата и не ги знае овие игри кои во Владата функционираат барем до сега. Можеби ќе му станат јасни до Нова Година, но за тоа отом потом.

Што е поентата? Поентата е што е ова еден од Гинисовите закони кои ги донесе ова Собрание односно еден од стоте закони кои беа донесени во ова Собрание во отуство на опозицијата и набрзина да се спроведат реформи кои реформи ќе не одведат пред вратите на датумот за евроинтеграциите, кој така го очекуваме. Значи оправдувањето за предвремените избори, фијаското кое државата, после Букурешт ја донесе и ветувањето пред јавноста дека 75% од реформите сме ги направиле, останува уште некој процент и да ја завршиме работата. Во тој процент еше внесен иовој закон затоа што постои една европска директива која датир аповеќе од скоро две години, околу нормите за забраната или заштитата од пушење и Владата реши на тие итни седници да го донесе тој закон кој закон требаше да каже дека се пополнува уште едно европско знаменце и со тоа европско знаменце сме станале поблискудо процентот на исполнување на обврските. Така стигнавме во ситуација - брз кучка слепи кучиња раѓа. Имаме Закон донесен во август месец кој практично не ги имплементира директивите на Европската унија кои беа две години пред тоа донесени. Со други зборови, дополнително за еден период од неполни два месеци се сфати дека се направи пропуст и еве сега стигнавме овде тој пропуст да го исправаме и тој пропуст треба сега да го исправате вие господине министре, така како што го образложивте и јас се согласувам со сето тоа што го кажавте. Меѓутоа, грешката е на друга страна. Меѓутоа, мислам дека во оваа кампања што ја воведуваме во нашата земја, околу забраната на пушењето, не се диференциравме на најдобар начин и кога зборувавме на Комисија, гледам после тоа во печатот се даваа одредени коментари за мојот став што сум го изнел на Комисијата. Зато јас сега ќе го повторам мојот став.

Пушењето е еден од хабитусите која постои и која е личен избор на секој индивидуалец. Значи, не сакам да зборувам за штетноста од пушењето, затоа што таа е очигледна. Не сакам да зборувам за 2.500 разни елементи, соединенија, алкалоиди, никотини и не знам се што друго има во цигарата односно во чадот од цигари, кои се респираторни и т.н. болести се дирекна последица од пушењето како навика и кои можат без пушење на се санираат и ред други работи што околу ова можеме да ги дискутираме од медицински аспект. Меѓутоа, овде не дискутираме за медицински аспект, дискутираме за нешто друго. Значи штетноста е јасна, верифицирана, недвосмислена. Меѓутоа вие ако сте легализирале некоја работа тогаш треба на луѓето да им дадете право и на избор. Со други зборово, одвикнувањето треба да го направите со

низа други мерки, или да бидете во друга смисла рекстриктивни. Ова е еден тип на рестриктивност што по мое сфаќање е дискреминационен во однос на оние кои избрале да пушат, затоа што тие имаат право да изберат да пушат, со сите сознанија околу штетноста.

Некој ќе каже дека е тоа мое оправдување затоа што су бил пушач. Сум бил, сега не сум. Можеби пак ќе бидам. Меѓутоа, тоа е пак мој избор, не е избор на некој друг и не треба да биде избор, конкретно кај нас, на Валдата. Значи принципот на тоа каде се се забранува пушењето, оди во дискриминациона мерка до таму што пушачите да се ставаат,како личности, во категорија на луѓе кои не се категорија на нормални човечки суштества. Така што мора своите навики да ги упразнуваат на начини кои се или криминални од една страна, или се деградирачки спрема личноста. За мене тоа не е прифатливо. Значи треба да им дадете можност, барем во некој сегмент, на личен дигнитет заради нивната навика. Повторно ќе кажам, тоа не е оправдување на пушењето, но е заштита на дигнитетот на личноста на оние што пушат. Ние не смееме да се однесуваме, во име на заштита на оние што не пушат, на тој начин до бескрај. Ако веќе сакаме целата популација да ја заштитиме од шетноста на навиката на пушење и штетноста на сите состојки кој ги носи чадот од цигарите и сите последици и консеквенци и во медицински и восоцијален и во секаков аспект, тогаш Владата нека излезе и да каже се забранува производството на тутун, се забранува увоз на цигари и продажбата или  дистрибуцијата на цигари се смета за илегална работа,како и дрогата и на тој начин тогаш сите сме заштитени, тука нема што веќе да се дискутира.

Овде,со нашите ставови ние стануваме поголеми папи и од католиците. Ваков сличен закон помина во Германија, вие тоа го знаете, меѓутоа падна на Уставен суд, па сега не знаат како да ги вратат работите. Слично се случуваше и во Швајцарија.

Кога се носат овие промени треба да се размисли за тој сегмент од дигнитетот на личноста и од правото на избор на личноста околу штетноста. На крајот на краиштата, кога некој сака да се самоубие вие не можете да му диктирате како ќе се самоубие. Кој ќе се самоубие по свој избор. Тоа е исто и со ова. Токму поради начинот на кој се носи овој закон, каснење на директивата на Европската унија, пренаглување во нормите на кои сака да се воспостави овој закон, претенциозноста на оваа Влада дека е она страшно доследна до овие норми, а не е така, јас ќе бидам воздржан од гласање на еден ваков закон.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Благородна Дулиќ и госпоѓа Радмила Шекеринска.

Госпоѓо Дулиќ имате реплика, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам потпретседателе.

Основно правило секаде во светот  е дека оној што се користи со свое право, при користењето на тоа свое право не смее да биде на штета на останатите. Значи, во конкретниов случај правото некој да биде пушач никој не го оспорува, меѓутоа тоа право не смее да биде на штета на непушачите односно да ги принудува останатите да бидат пасивни пушачи, што исто така еднакво е штетно како да бидеш пушач. На ваков начин непушачите принудно се принудуваат да бидат консументи на никотин, а тие тоа не го сакаат. Туку, од страна на пушачите, заради тоа што да им се овозможи нивното право да бидат пушачи, се принудуваат да бидат пасивни пушачи.

Според тоа, мислам дека тезата од страна на дискутантот не стои и мислам дека ова решение кое што е прифатено во Европа и строго се применува, треба да се применува и кај нас. Пушачите кои и понатаму сакаат да останат пушачи и на кои не им смета, меѓутоа тоа свое право ќе го користат во време и место каде што нема да ги доведуваат во опасност животите на непушачите.

**Јани Макрадули:** Благодарам и јас.

Нема контра реплика.

За реплика е јавена госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван господине потпретседател.

Јас сакам начелно да го поддржам законот кој што значи заострување на правилата на играта што се однесува до пушењето и во оваа смисла немаше да дискутирам, освен по еден амандман, меѓутоа ова што го кажа колегата пратеник Оровчанец ме поттикна на една куса реплика.

Прво, се согласувам пушачите, непушачите сите се луѓе. И оние кои користат тешки droги и оние со кои имаме сериозен проблем како општество да се справиме со таквата зависност и тие се луѓе кои заслужуваат достоинство. Меѓутоа, факт е дека за разлика од Германија каде што можеби постои тиранија на непушачите спрема пушачите, ако се изразам послободно, кај нас важи обратното. И покрај релативно строгиот закон кој до денес важеше, сеуште ќе влезете во најголемиот број на јавни места и ако не сте пушач на никого не можете да му кажете дека димот на цигарите е штетен за вашето здравје, не дај Боже дека ви пречи. Сметам дека е тоа лоша пракса, заради тоа што јас сум на пример непушач што сум растела цел живот во присуство на луѓе кои сериозно биле зависни од пушењето, меѓутоа навиката да не се побунам ме направила мене жртва на нивната навика, без некој да ме праша и без некој да ме консултира.

Се разбира, сметам дека Македонија не треба да отиде во некоја крајност која што ќе значи стигматизација, која што ќе значи да им кажеме на пушачите дека тие не се веќе рамноправни граѓани во државата, меѓутоа водете сметка во јавни места, во ресторани, на сите места каде што доаѓаат и многу млади луѓе, малолетни деца, ние

испраќаме порака дека пушењето е социјално прифатливо, дури дека е социјално препорачливо. Тие растат како генерации и генерации кои стануваат зависни од пушењето. Тоа е лошо за здравјето на нацијата, тоа е лошо за здравствениот систем на нацијата.

Пред неколку недели прочитав еден текст на сегашниот градоначалник на Њујорк каде што регулативата за пушење е извонредно строга, кој што ја бранеше таа политика и покрај критиките дека со тоа се нарушуваат правата на пушачите и тој сликовито кажа дека секој ден во Америка едно фудбалско игралиште, не македонско, американско исчезнува заради тоа што умираат луѓе од последиците на пушењето. Е, пак кога ќе ги споредите овие две нешта сметам дека Македонија треба да направи правила на игра во кои што ова ќе биде стимулирано. Се согласувам со вас не смееме да бидеме лицемерни. Влада која предлага вака строг закон за пушењето, не смее да биде глува и слепа на она што ни го прави ОКТА. Од една страна велиме од никотинот ќе страдате, а од труењето кое ОКТА секој ден го прави на граѓаните на Скопје, молк од страна на надлежните институции. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Нема контра реплика.

Следен за дискусија е госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер за здравство.

Навистина и јас како и мојот колега Оровчанец можам да изразам жалење што претседателот на Собранието не ја води оваа седница, не поради тоа што дали тој е пушач или не, да не бидам погрешно разбрана, туку поради начинот на кој што се носи овој закон. Овој закон е типичен пример како не треба да работи Собранието на Република Македонија. Овој закон докажува сето она на што укажуваше опозицијата во изминатите месеци, сето она на што ни укажуваше и ни укажа меѓународната јавност дека не е добро законите да се носат со брзина на светлината по 30-тина и помалку секунди само да се притискаат копчињата за.

Но, да почнам од почеток. Овој закон беше заглавен во собраниска процедура уште од минатиот состав, за што секако парламентарното мнозинство ја обвини опозицијата и токму поради тоа, поради тие обвиненија се распишаа предвремените парламентарни избори кои што станаа еден од основните критериуми за нашето пристапување кон Европската унија односно една од основните пречки на начинот на кои што беа изведени.

Сега би сакала да кажам дека тогаш ЛДП имаше поднесено амандмани и тогаш и пред тоа во 2005 година кога се носеше законот укажувавме дека ваков пристап не е добар за носење на еден вака сериозен закон, парцијален пристап, туку тогаш кога беше заглавен во собраниска процедура доставивме амандмани. Можам да кажам дека е добро што дел од амандманите на колегата Слободан Најдовски се вградени од овој закон, но во секој случај само дел од нив, останатиот дел не е вграден односно не е земен предвид. Но и покрај тоа, укажувам дека ваквиот закон повеќе помалку ќе ја постигне целта отколку ако донесевме еден сеопфатен закон во кој што во целост ќе беше решено производството, продажбата, рекламирањето на производите од тутун, отколку парцијално да се решаваат работите. И, ако кон тоа се додаде дека и оној закон што го имаме, не само што не се применува, туку апсолутно дури и не се почитува и од оние кои што го имаат донесено законот во ова Собрание, тогаш мислам дека сликата е апсолутно јасна што се случува.

Во стилот на оваа Влада многу зборови, многу сликање, многу реклами, уште помалку очекувам дека и овој закон ќе се применува, односно ќе се применува онолку колку што се применува Законот за јавен ред, Законот за јавна чистота и останатите закони донесени само со една единствена цел популизам и сеење магла пред граѓаните на Република Македонија.

Инаку, од самиот почеток би сакала да кажам дека ќе дадеме поддршка на овој закон, ќе гласам за овој закон, затоа што сметам дека е добро да имаме еден закон кој што ја регулира забраната на пушењето, значи го ограничува пушењето, забрана на пушење, иако како што реков во целост не ги решава проблемите, а уште помалку очекувам дека ќе се спроведува.

На што укажуваше ЛДП. Ние цело време укажувавме дека треба да се направи ограничување на потрошувачката на тутунските производи. Со сите работи кои што претходно ги кажав, еден систематски пристап можеме да очекуваме значајни резултати во оваа сфера и со тоа да се приближиме до директивите и начинот како тоа европските директиви, како тоа се спроведува во Европската унија.

Почитувани колеги пратеници, веќе за примената спомнав дека и оној закон кој што го имаме не се применува. Беше спомнато и од претходните колеги дека навистина е од особена важност оваа материја да биде регулирана со закон, затоа што пушачите загрузуваат една категорија, која што се надевам дека е сеуште поголема непушачи и пушењето тука имаме и лекари кои кажаа колку може да биде штетно и за оние кои не пушат доколку се наоѓаат во просторија каде што престојуваат и пушачи. Од тој аспект мислам дека нема пратеник кој има дилема.

Меѓутоа, би сакала овде да отворам уште едно прашање кое што отворав при носењето на останатите закони, како што беше Законот за јавна чистота, Законот за јавниот ред и мир и не знам уште 2-3 слични закони односно казнените одредби. Ако го имаме воведувањето на општо корисната работа, која што гледаме дека стана еден вид на манир на оваа Влада и ако кон тоа се додаде и вчерашната седница, а и останатите

седници на Собранието кои што се повеќе заличуваат на состаноци на пленумите на ЦК и Политбирото на една голема комунистичка земја, апсолутно станува јасно и воведувањето на терминот општо корисна работа. За што всушност ова се однесува? Се однесува на тоа дека одредени прекршители на Законот кои нема да можат да ја платат казната, прво мислам дека многу малку од нив ќе бидат преземени вакви мерки, ќе им се одреди општо корисна работа и тоа замислете кој, сега министерот за здравство, министерот за економија, министерот за образование и наука и министерот за труд и социјална политика ќе седнат и ќе определуваат општествено корисна работа или пословиково кажано, доколку некој пуши на јавно место каде што не е дозволено тогаш редарите, овие нови вработувања кои само на хартија се вработени 50, 60 и повеќе партиски кадри, ќе му напишат една пријава и потоа ќе седнат сите овие четворица министри и ќе му одредат општествено корисна работа. Ако не дај Боже му падне опушокот на земја, тогаш ќе седнат уште и Миле Јанакиески и министерот за правда, значи уште двајца министри и тие дополнително ќе му одредат уште една дополнително општествено корисна работа.

Почитувани колеги пратеници, кога не би било сериозно, навистина би било комично. Бегаме и кај ној ја ставаме главата во песок од проблемите кои што ги имаме во оваа држава, се оглушуваме од она што ни укажува Европската унија, а носиме закони кои што навистина ниту се спроведуваат, ниту пак имаат реална основа да бидат спроведени.

Затоа, почитувани колеги пратеници, мислам дека треба да имаме еден посериозен пристап во носењето на законите, токму вие од парламентарното мнозинство ваков закон донесовте во времето кога опозицијата на неколку седници беше надвор од Парламентот и не знам дали тогаш некој укажа на тоа дека многу брзо ќе се соочиме со тоа повторно да имаме измени. ЛДП имаше и Предлог на закон како системски да се решат овие проблеми. За жал, тој остана, како и другите работи во собраниска процедура и никогаш не дојде на дневен ред, уште поточно кажано каква што е судбината на повеќето закони предложени од партиите во опозиција.

Се надевам дека ќе се покаже минимум волја да се реализира овој закон, да се спроведува овој закон, дека редарите ќе пристапуваат неселективно кон нарушувачите на одредбите на законот и навистина ќе можеме да минеме кон негова делумна имплементација. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

За реплика е јавена госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван господине потпретседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници,

Еве јас ќе застанам вака простум да ве гледам вочи и мислам дека вака е попријатно за сите вас, немам намера да ви викам над глава, ниту да бидам екстравагантна, мислам дека ова е сепак посободветен начин за настапување на оваа говорница.

Колешке Роза, јас мислам дека вам не може да ви се погоди. Е, од една страна го поддржувате Законот, ем сте против пушењето, ем од друга страна не ви се допаѓа закон со кој што тоа се регулира и се ограничува според европски стандарди. Јас навистина не знам како да ви се погоди. Јас мислам дека ова е многу добро што се носи дополнување на претходните верзии на законите и што се обидуваме во таа мерка да бидеме поблиску до европските стандарди.

Инаку во врска со тоа дека вие сте предлагале како ЛДП одредени закони за борба против пушење, јас само сакам да ве потсетам дека претставници на ЛДП предлагаа да не се применува закон за забрана на пушењето, затоа што некој беше поврзан со одредено лоби во тутунската индустрија. Простете колешке, тоа се факти. Ние заедно сме биле овде во овој Парламент, така што треба да се потсетиме малку. Јас сега претпоставувам дека искрено говорите дека ќе го поддржите законот и вие и јас не сме во категоријата кои поддржуваат пушење на јавно место, што значи мислам дека би било коректно и во ред барем нормално да го поддржите, без сите оние фемкања претходно, ама знаете законот не чини, нема да се применува, па дајте да му дадеме шанса да видиме дали ќе се применува или не.

Инаку, уште една работа, јас апсолутно стојам за да тоа и тоа се факти дека пушењето на јавно место е драстично намалено откако почнаа да се носат закони за негово ограничување. Јас сум имала сериозни проблеми со очите кога се работи за зачадени простории, меѓутоа сега такви проблеми немам на многу места каде што излегуваме. Значи, промени сепак има, не сме совршени, меѓутоа затоа еве носиме закони со кои што ќе се приближиме кон совршенството. Но, совршенство никогаш нема. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

За контра реплика е јавена госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

За жал, вие колешке Поповска не само што не ги читате закони кои што ги предлагаат пратениците, не очекувам ниту да ги прочитате, особено не ако тие доаѓаат од ЛДП, туку не ги читате и законите кои што ги предлагаат и министрите и на сето тоа најверојатно ќе треба да стоите и подобро да ме слушнете што говорам, затоа што очигледно е дека не сте ја следеле добро мојата дискусија. Апсолутно укажав на она што е добро, дека очекувам да биде применето и за тоа давам поддршка. Но, праксата досега покажа дека не се применува тоа и ве молам да не ги извртувате

ставовите и мислењето на ЛДП, а уште помалку да обвинувате негова поврзаност. Јас знам што е актуелно овие денови и ако сакате и вие да бидете во тренд со тоа, значи со апсењата на ова што се случува на босовите, па сега тука некои поврзувања, мислам дека апсолутно не ви држеше дискусијата и единствено ја сваќам само како израз на напад врз пратениците од ЛДП.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

За реплика е јавен господин Бужковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуваната колешка Роза има свое мислење, но јас сум еден од оние кој ќе гласа воздржан за овие измени затоа што сметам дека има намера предлагажот да биде поголем папа односно поголем католик од папата и дека не се заштитуваат само пасивните во просторијата кои не се пушачи, туку се има тенденција според мене да продолжи промовирањето на полициската држава во овие услови во кои живееме сега.

Значи, давањето на нови ингеренции на униформирани лица и зголемување на опфатот не е проблемот како што зборевте и вие и колешката да се пуши во затворени простории, туку да не може да се пуши на улица, на плоштад, на плажа, во парк, тоа веќе говори за нешто друго. Тенденцијата е друга, да има тројки, комисии, потоа некој да посредува, за глобата да одлучува некој трет, да биде на крајот министерот, инокосниот орган кој ќе рече може еве ќе ти дадам милост, ќе простам 50% од казната или ако си добар во општо корисната работа ќе те пуштиме уште два дена да си го одработиш тоа што си го направил како прекршување на јавниот ред и мир. Јас сметам дека ова го нема нигде. Јас не знам како сакате да се додвориме, вчера гледам дека не можеме да се договориме за патот кој води кон Европската унија, ние сега се што е непопуларно правиме под патронатот на некои европски директиви. Не се стигнува така до Европа. До Европа се стигнува ако покажеме волја, консензус да покажеме за клучните прашања, ако најдеме компромис за отвореното прашање и потоа ќе се договориме за покрупните прашања. Вака, мене ми изгледа дека единствената цел, почитувана колешке Роза се сложувам дека вие имате право за затворените простории, но и тука ако сака државата да биде ефикасна има друг начин. Да има кафетерии, кафеани, ресторани и дискотеки каде што ќе има влез само за пушачи, ќе биде тоа на јавни места истакнато, нека плаќаат поголеми лиценци кои ќе се искористат за евентуално лекување на оние кои настрадале од пушењето, значи има и други модалитети, па погледнете го искуството во Европската унија. Во Европската унија половина од државите се либерални. Тие што шетаат знаат дека во аеродромите имаме стриктна прохибиција за се и сешто како кај нас, па јас навистина не знам на што ќе личи оваа држава. Како ќе правиме ние атрактивна туристичка дестинација. Не може да се точи алкохол после 19 часот, ќе биде забрането да се пуши, ајде за сите пороци за кои сметаме дека се условно речено штетни да донесеме една генерална забрана, да не се произведуваат цигари, да не се дистрибуираат, а не вака на ситно да собираме поени. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Министерот е јавен, само господине министре може да се јавите за збор, бидејќи ако сакавте реплика на господинот Бучковски, немате право на реплика, можете за збор после. Тука ја прекинувам седницата, а продолжуваме во 15,00 часот после паузата за ручек. Благодарам.

(Пауза до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,11часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки, почитуван министер,

Расправата по оваа точка е уште еден знак дека Македонскиот парламент ја плаќа и уште долго ќе ја плаќа цената на носењето на закони по принципот “брзи прсти”

Овие измени на Законот за заштита од пушење кон кој се пристапува сега се кој знае по кој пат измени на некој закон, што бил донесен во текот на оваа година. Истиот тој закон за само неколку месеци по втор пат се наоѓа пред пратениците. Законот за заштита од пушењето претрпе измени во август, значи пред два ипол месеци. Во таа прилика се сменија 10-тина члена. Мислам дека тие измени претежно беа во делот на прекршочните одредби, односно кај одредена глоба, односно казна заради прекршување на Законот за пушење.

Во големото брзање за да се помине што повеќе какви такви закони, пропустите и грешките се очекувана работа и затоа сега се потребни нови измени. Бидејќи минатиот пат предлагачот заборавил дека треба да се вметнат и други одредби како што се одредбите поврзани со забраната за рекламирање, тоа се прави сега.

Пред само два месеци никој не се сетил дека овој закон треба да се усогласи со европските директиви кои, како што можеме да видиме во образложението на Предлог законот се од 2003 година.

Значи, како прво би напоменал дека се пристапува кон измени и во истиот дел на Законот кој се менуваше пред извесно време. Со предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето очигледно по примерот на Законот за чистота се дава можност и на униформираните полицајци да изрекуваат казни на самото место на направениот прекршок. Секако се дава и можност паричната казна да се замени со општо корисна работа.

Пред да продолжам, сакам да нагласам дека овој закон ќе го поддржиме со оглед на тоа што неговата основна цел е заштита на здравјето на

луѓето. Но, покрај неговото значење, не може а да не се критикуваат измените што се прават на ваков начин несистематски и набрзина. Тоа секогаш предизвикува проблеми во спроведувањето на законот и остава простор да се бараат нови измени без реален ефект.

Сметам дека и во овој текст има некои спорни работи кои ќе предивикаат проблеми во пракса, во еден определен дел од она што спаѓа во рамките на рекламирањето. Во делот на рекламите кои се однесуват на пример на печатените и електронските медиуми или на билбордите, како и на разни манифестации, забраната е колку толку едноставно да се спроведе. Едноставно нема да се емитува или нема да се печатат нови реклами од тој тип. Сепак проблем може да се јави кај малите, но и кај поголемите угостителски објекти кои се опремени со инвентар, мебел, тенди, чадори и слично со логото на некој тутунски производ. Забраната на ваков вид рекламирање се воведе со член 2 од овој закон, а истата одредба е предвидена да се применува од декември 2008 година. Значи, за неполн месец. Дали Владата смета дека е доволно време на пример еден мал угостителски или поголем угостителски дуќан во целост да ја замени опремата, инвентарот па дури и послужавниците, како што е наведено во Предлог законот. Зошто на пример оваа одредба не се воведе со измените во август, а да стапи на сила 6 месеци подоцна. Така сопствениците на објектите ќе имаа доволно време за да се адаптираат на новите законски решенија. Овој закон можеби нема фискални импликации, но ќе има реални финансиски импликации за голем број сопственици на мали бизниси. Сакале или не тие ќе мора да одвојат одредени средства за да ги извршат потребните измени во опремата на своите локали. Мислам ако им се даде малку повеќе време, а не само две три недели, како што е случајот сега, дека полесно ќе го поднесеа новиот товар. Не треба да заборавиме дека последните години сите тие се оптоварени со ред други давачки кои нормално оваа актуелна Влада им ги наметна во изминатите две, две ипол години.

Ако потребата од пишување казни заради прекршување на Законот е итна, мислам дека во определени сегменти, особено во тоа што се дефинира како рекламирање на тутунските производи, може да се покаже мала доза на флексибилност. Така рекламирањето во овој закон се определува во могу широка смисла односно во ист кош се ставаат и телевизиските реклами и обичните прврзоци кои го носат логото на некој од тутунските производители.

Мојата сугестија е да се остави малку повеќе време за адаптација за да може овој закон реално да се спроведува, а граѓаните да го прифатат. Во спротиво ќе биде јасно дека е Законот за пушење, како и могу други закони се носат со една единствена цел, полнење на буџетот, а секако на грбот на граѓаните.

Би спомнал дека на полицијата им се дава уште една можност за пишување на казни на лице место. Се покажаа многу ажурни во пишувањето казни за Законот за чистота. Јас лично сум поборник за доследно почитување на тој закон, но треба да сме свесни дека се случуваат апсурдни ситуации, сигурно сте слушнале дека особено во помалите општини во Република Македонија полицајците буквално имаат дневна норма за пишување казни. Проблем е, како што сме тргнале, основна функција на полицијата ќе биде спроведување на тој тип на закони, наместо гонење на вистинските криминалци.

Владата треба да е свесна дека во демократските земји законите се носат во интерес на граѓаните, се носат заради нивна заштита и за унапрпедување на стандардот и квалитетот на живеење.

Секако законите содржат и казнени одредби за да можат да функционираат, но еден закон не смее да биде исклучиво казниво средство односно првенствена цел да биде удирањето по џебот на граѓаните. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министер за здравство, почитуван колега,

Јас се согласувам во дел со вас дека навистина во одредени градови полицијата работи како на норма каде мора да напише одреден дел на казни дали за одржување и нарушување на јавниот ред и мир, или јавната чистота, во овој случај можеби некогаш реално, некогаш наводно не почитување на Законот, меѓутоа, колега јас би сакала да реплицирам со вас во оваа насока дали ќе може да ми објасните оваа реченица: Се забранува индирктно рекламирање на тутун и тутунски производи што носат име на тутунски производ, а не се тутунски производ. Што значи тоа, дали тоа значи дека имаме тутунски производ од марката Босс, дали со тоа ќе се забрани брендот Босс, или да речеме ако имаме од тутунски производ или тутун од марката Прилеп дека тоа не треба да се употребува. Во таа насока ми беше мојата реплика.

Би сакала да укажам на тоа, барем колку јас го разбирам, можеби вие имате друго толкување, имаме многу апсурдности во ова законски решение и токму поради тоа ЛДП предлагаше еден целосен закон со кој ќе биде како и во многу земји на Европската унија, со кој закон во целост ќе се регулира производството, потрошувачката, па и рекламирањето на тутунот и тутунските производи. Ви Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам претседателе,

Очигледно во делот во кој напомнав за таквиот тип на грешки, колешката не ме слушала внимателно, кажав дека со ваквиот начин на брзо носење на закони се доаѓа до големи недоразбирања и неусогласености со оние стандарди кои треба да бидат предвидени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседател на Собранието, почитуван министер за здравство, почитувани колеги.

Гледајќи го образложението на измените и дополнувањата на Законот за заштита од пушење ќе забележите дека овој закон претрпува неколку измени, донесен е 1995 година, првите измени и дополнувања се донесени во континуитет во владеењето на претходната власт во 2003, 2004 и 2005 година.

Значи, гледајќи колку измени и дополнувања има Законот за заштита од пушење ќе констатираме дека овој закон претрпел повеќе измени и дополнувања отколку Изборниот законик. Гледајќи ја денешната расправа ќе заклучиме дека со толку страст се дискутира за овие измени и дополнувања на Законот за заштита од пушење како да станува збор за приоритет од највисок државен интерес. Јас ќе се согласам околку тоа оти пушењето е страс, ќе се согласам со тоа оти квалитетот на воздухот е примарен, национален интерес, меѓутоа, нема да се согласам со тоа дека измени и дополнувања на овој закон се вршат многу зачестено заради тоа што три измени и дополнувања во континуитет се носени 2003, 2004 и 2005 година и пред нас сеуште немаме идеален закон за заштита од пушење.

Околу делот во член 2 има измени и дополнувања се на се на три члена од Законот. Околу членот 2 на измените и дополнувањата пред маклку имаше дискусија во овој контекст е и оваа дискусија. Не се воведуваат нови места на кои се забранува пушењето, туку се стриктни драконски одредби кои се носат за рекламирањето на тутунските производи меѓу кои е индиректното рекламирање.

Ќе ви кажам само неколку примери. На една национална телевизија во една соседна земја пред месец дена беше пуштена тужба против телевизијата затоа што еден познат кант автор Кемал Монтено пренесувајќи го концертот во само три секунди е забележано дека кант авторот држи цигара во рака. Значи и тоа е еден вид индиректно рекламирање на тутунски проивод.

Поентата на овој закон е како, не да се заштити тутунската индустрија, туку како средствата, профитите што тутунската индустрија ги собира да се трансферираат во процес на заштита на здравјето на непушачите и на пушачите и воопшто во квалитетот на подобрувањето на воздухот.

Ќе ви кажам само еден пример. Во САД тутунската индустрија годишно трансферира 240 милиони долари во фондовите за здравство. На Флорида пред неколку години имаше судски процес во кој 550 илјади пушачи ја тужеа тутунската индустрија на САД и добија оштета од 1.500.000.000 долари.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Господине претседателе, ве молам на време да реагирате затоа што овде не се содржеше ништо од мојот говор што го кажав јас. Мојот почитуван колега зборуваше цело време за тутунската индустрија, што јас воопшто не ја спомнав во мојата дискусија. Ве молам друг пат да реагирате на време.

Господинот колега кој го почитуван апсолутно не ја следел мојата дискусија, зборува надвор од темата за која зборував јас. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално има господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, мојот колега Чинговски упати забелешка, мојата забелешка е иста, а таа се однесува на следното. Кога некој пратеник се пријавува да дополни или да дообјасни излагање на пратеник кое ние го нарекуваме реплика, треба да се држи до она што го зборувал говорникот кон кого е упатена репликата.

Во постојниот случај, господинот Васко Шутаров го прекрши деловничкото правило, вие требаше да реагирате и да го опомените да реплицира на она што господинот Томе Чинговски го зборуваше.

Мислам дека не е добро иако нема некоја вжештена расправа, но како принцип на работа да го почитувате максимално, за да утре кога ќе дојде некоја можеби потензична атмосфера во Собранието да не ни се случуваат вакви упади во Деловникот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Вашата забелешка и забелешката на господинот Чинговски ја прифаќам, но мислам дека сите пратеници за сите точки од дневниот ред треба генерално кога се зборува по реплики да се зборува за дообјаснување на пратеникот што говорел. Но, за жал, до сега сите пратеници од политички партии не беше почитувано тоа, но од сега ќе го почитуваме и строго ќе се придржуваме кон Деловникот, без оглед од која политичка партија припаѓа пратеникот.

За збор е пријавена госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер за здравство,

Во Република Македонија, како и во други земји во светот, зголемен е бројот на заболувањата кои се поврзани директно со пушењето односно влијанието на димот од цигарите врз здравјето на луѓето како што се кардиоваскуларните,

респираторните заболувања и ракот на белите дробови.

За жал, и покрај овие сознанија, пушењето на тутун кај нас е широко прифатено и е масовна појава. Оваа лоша навика го зголемува ризикот за заболување од овие болести за 2 до 4 пати. Ризикот е зголемен исто така и кај пасивните пушачи односно луѓето кои се изложени на чадот од цигарите од пушачите.

Република Македонија е втора на европската ранг листа по бројот на испушени цигари по пушач со 2600 испушени цигари, веднаш по Полска со 3000 испушени цигари.

Според горенаведените причини потребно е државата да преземе законски мерки со цел да се намали бројот на пушачите во земјава посебно за преземање на превентивни мерки за спречување на нови пушачи меѓу младите лица.

Судејќи по тоа колку закони против пушењето се донеле во Собранието, со право може да се каже дека сме пример за Европа по бројноста на законските проекти, но и по заложбите за забрана или намалување на пушењето. Колку од друга страна сме ја постигнале целта и колку законските акти се спровеле во живот или останале само на хартија, тогаш сме далеку од Европа.

Мислам дека ваквата состојба во поглед на заложбите од една страна и животната стварност од друга страна доволно зборува за длабокиот јаз во менталитетот на нашиот човек односно јаз меѓу она што се декларирало и преточило во закон, со она што се практикува во секојдневниот живот.

Точно е дека за ваквите состојби и подвоености на декларираното и прагмата на законската норма и нејзината спроведливост е тема за психолозите и социолозите. Но, се плашам дека некогаш се подзаборава на основното правило во законодавството, а тоа е дали и колку една законска норма е применлива и спроведлива на едно подрачје и меѓу една популација со свои особености и традиција во традицијата и културата односно колку е прилагодена на дадената средина.

Точно е дека овој закон е со европски предзнак и дека треба оваа сфера на живеење да ја доближиме до европската. Но, да парафразирам, дали може католикот да биде поголем католик од папата. Со други зборови сакам да посочам дека строгоста на одредбите соддржани во законскиот текст сметам дека тие се построги дури и од оние што важат во самите земји на Европската унија, па испаѓа дека ние како земја инаку сме далеку од Европската унија, а всушност сме повеќе европска земја од нејзините членки.

Сметам дека престрогите решенија како оние што се во одредувањето на јавни места каде се забранува пушењето ќе резултираат на крајот со неспроведливост на законот.

Доколку државата е одлучна во тоа доследно да се спроведува овој закон, тогаш се плашам дека ќе имаме повеќе полицајци и инспектори отколку пушачи што ќе создаде нов проблем, а тоа е претворање на државата во полициска со строго контролирани граѓани можеби од партиски луѓе работно ангажирани како инспектори или контролори.

Имајќи предвид дека здравјето на луѓето е најважна инвестиција на секоја држава, оваа измена на законот треба да се поддржи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министер за здравство.

Ќе се обидам кусо да го коментирам предложеното законско решение. Се надевам дека нема да се повторам со колегите пратеници кои што претходно дискутираа по овој закон.

Прво , за да ја расчистиме дилемата, сакам на почетокот да потенцирам дека СДСМ и пратеничката група на СДСМ секогаш ќе имаат заложби , односно ќе се заложуваат за правење на што е можно поздрава нација, дополнителна заштита и унапредување на здравјето на граѓаните, вклучително и обезбедување на соодветна заштита на граѓаните од пушењето. Впрочем тоа го спомена и господинот Васко Шутаров. Дека е тоа така покажува и фактот дека првичните законски решенија кои што се предложени, а кои што ја третираат оваа материја се донесени токму за време кога со Владата раководеше СДСМ. Меѓутоа во исто време кога ќе го погледнам овој закон не можам, а да не ја отворам дилемата, дали вака срочениот предложен законски текст е всушност решение, или нуди решение за материјата која што ја третира. Дали со ваква имплементација ако е воопшто возможно навистина ќе го заштитиме здравјето на граѓаните или е само еден обичен популизам, или маркетиншки трик во смисла да се донесе законот, а дали ќе се почитува, ќе видиме. Мислам дека на ваков начин со ваков тип на одредби овој предложен закон воопшто не може да се спроведе и не е воопшто применлив во пракса. Впрочем оваа дебата ја водевме и со министерот за здравство на Законодавно-правната комисија кога побарав од него да ми обезбеди симулација како всушност овој закон ќе се спроведува во пракса. Единственото образложение зошто не може да се направи симулација во овој момент е заради тоа што дел од одредбите кои што се суштински во овој закон всушност ќе почнат да се применуваат дури од 2010 година. Значи, ние сега како пратениц се доведуваме во ситуација да одлучуваме за нешто што ќе се применува во 2010 година, а тогаш Владата ќе одлучува како истиот ќе го спроведува во пракса. Дополнително колегата Бучковски во една своја реплика денеска напомена и јас апсолутно се согласувам со тоа, бидејќи оваа дебата се отвори во голем број на земји од Европската унија, дека всушност самиот закон содржи дискриминаторски одредби, бидејќи оди

во крајност, премногу е рестриктивен и всушност го ограничува правото на дел од граѓаните кои што се одлучиле да пушат. На крајот на краиштата до толку е рестриктивен што мислам дека оди во контра на одредени обичаи на македонските граѓани во смисла дека карактеристично за балканскиве народи, односно овие балкански навики дека се што е крајно забрането, всушност за младите е поинтересно да го прават. На крајот на краиштата, дали некој ќе пуши, или не, е индивидуална, лична определба, право, навика, страст, како што вика господинот Васко Шутаров. Мислам дека Министерство за здравство дополнително во таа насока треба да развива превентивни методи како ова да се спречи, значи едукација на граЃаните за штетноста од пушењето и дополнително Владата да има одредена стратегија за развивање на спортски навики кои што ќе го спречат пушењето, а всушност ќе ја постигнат целта на создавање што е можно поздрава нација.

Кога велам дека овој закон содржи одредени нејаснотии, бидејќи не знаеме како ќе се имплементира, дополнително ќе се осврнам на еден друг аспект. Навистина не знам зошто Министерството за здравство го предлага овој закон, бидејќи содржи одредени одредби кои што суштински влијаат на економијата на Република Македонија. Јас не знам, дали Министерството за економија направи економска анализа како ова ќе влијае на мали и средни бизниси кои што секако ќе бидат на голем удар од одредбите кои што се содржани во овој закон, освен ако не е целта само со овие прекршочни одредби да се развие уште еден механизам, инструмент на Владата за полнење на партиските каси во пресрет на претседателските и локалните избори. Сега како што напоменав, сакам да отворам уште една дилема која што ја спомнав пред малку. Навистина не знам зошто Министерството за здравство изработува ваков закон кој што третира навистина прашања кои што се за Министерството за економија и Министерството за финансии. Зошто го говорам ова? Бидејќи во причините поради кои се предлага донесувањето на овој закон кој што ни е доставен нас на пратениците вели, ќе цитирам: “Инспекцискиот надзор на спроведување на одредбите на овој закон ќе го вршат државниот пазарен инспекторат, државниот просветен инспекторат, државниот санитарен инспекторат и државниот инспекторат за труд”. Јас не знам дека државниот пазарен инспекторат е под ингеренциите на Министерството за здравство. Колку што знам тој е под Министерството за економија. И не знам што има врска Министерството за здравство со оваа проблематика. Дополнително не ми е јасно како може ние правните субјекти да ги подготвиме за еден месец, значи говорам за 30 дена да го спроведуваат законот во пракса. И сега вие можете после ова мое обраќање да земете збор и да кажете дека сето ова е во согласност со ЕУ директивите и дека ние во согласност со тие ЕУ директиви така и постапуваме. Јас ќе ви дадам еден пример колку да знаете, дека не е доследна политиката на Владата кога се повикува на ЕУ директивите. Согласно ЕУ директивите концесија на аеродроми на земји членки на Европската унија може да се даде најмногу 7 години плус 7, ако државата која што го дала на одреден концесионер одлучи да му го даде на истиот концесионер. Колку што јас знам, а и така се фалеше Владата сега кога правеше анализа на овие последениве 100 дена, се фалеше со странска инвестиција, односно давање под концесија на скопскиот и охридскиот аеродром кој што го даде на 20 години и тоа го даде ќе ви кажам зошто? Затоа што во Законот за цивилна и воздушна пловидба токму Владата на СДСМ донесе одредба во која што одредбите, или ЕУ директивите овие 7 плус 7 години за давање под концесија ќе важат од оној момент кога Република Македонија ќе стане членка на Европската унија. Да не говориме сега за одредени други аспекти со едни претходни законски решенија како што е Законот за јавна чистота каде што има директни економски реперкусии врз цели градови. Тоа можете да го проверите со градот Кавадарци, заради тоа што со Законот за јавна чистота е забрането конкретно печење на ракија на јавни површини. Голем дел сега од семејствата не можат своите деца да ги пратат на училиште во Скопје, затоа што еден од основните приходи им беше токму печењето на ракија, а сега се предмет на големи рестриктивни казни.

И сосема на крајот, јас сакам да му поставам едно прашање на министерот, бидејќи се повикува на ЕУ директивите и дека е се во согласност со европските директиви, посебно рекламирањето. Барам да ми објасни во која земја на Европската унија Владата е најголем закупец на медиумски простор, или во која друга земја членка на Европската унија Владата како кај нас троши 30 милиони евра народни пари, пари на граѓаните за себерекламирање. Тоа го нема ниту една земја во Европа. Така што не гледам зошто на ваков начин донесувате вакви законски решенија кои што реално не се спроведливи во праксата. На крајот на краиштата се посиромашните граѓани ги ставаме во одредени цврсти рамки кои што дополнително им го отежнуваат животот.

**Трајко Вељаноски:** Има збор министерот за здравство Бујар Османи.

**Бујар Османи:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, прво од дискусиите на пратениците се гледа дека има општ консензус во однос на потребата за превземање на активности за заштита на здравјето на граѓаните и тоа ме радува, бидејќ сите сме свесни веројатно за фактите и статистичките податоци што ги имаме, дека Македонија во 60% има повеќе пушачи во однос на просекот во земјите членки на Европската унија. И дебатата, општествената дебата во однос на модалитетите за то кои мерки треба да се преземаат е легитимна и таа се води во сите земји во светот. Има дебата, тоа е помала проблематика овие мерки се понови во сите

посовремени општества. Така што ние прифативме да ја следиме практиката на Европската унија и затоа го усвојуваме европското право , односно ги следиме европските директиви и ги транспонираме во нашите закони.

Во однос на некои прашања што беа отворени од пратениците, прво има една контрадикција од последниот говорник прво дека Владата не нуди начин како ќе го спроведе законот, а од друга страна дека законот е премногу рестриктивен. Значи, тука е контрадикцијата или е премногу рестриктивен, или Владата нема да го спроведе. Во однос на тоа зошто е предвидено во законот за заштита од пушењето, односно зошто е под Министерство за здравство. Ако државниот пазарен инспекторат не е под Министерство за економија, тогаш државниот здравствен санитарен инспекторат е под Министерство за здравство, како тогаш Министерството за економија би го направило тој закон. Така што мислам дека тоа не е аргумент кој што ќе одреди кое министерство треба да го подготвува законот, бидејќи во основа на законот е заштита на здрвјето на граѓаните, а тоа е ингеренција и компетенција на Министерството за здравство.

И во однос на претходната реплика на пратеникот Бучковски, тука мислам дека има недоразбирање. Законот не забранува пушење во јавни простории. Законот забранува рекламирање во јавни простории. И овој закон се однесува токму на регулирање на таа проблематика односно нејаснотиите кои што се појавуваат во дефинирање на тоа што е јавно место. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер.Законот за заштита од пушење е донесен во 1995 година и досега се направени 4 измени на тој закон. Оваа ќе биде петта измена и притоа секоја наредна измена станува поригорозна во поглед на пушењето. Ова е закон кој што го има знамето на Европската унија, значи се работи за европски закон. Мое задоволство е да констатирам дека со новите измени во тој закон има потполна усогласеност со истиот закон во земјите членки на Европската унија. Ние знаеме дека еден ден во годината и тоа 31 мај е ден на борба против пушењето. И како не би бил кога според опсежните податоци на Светската здравствена организација на планетата Земја 1,3 милијарди луѓе се пушачи и од нив годишно умираат по 5 милиони директно како последица на пушењето. Во тие рамки каде се наоѓа Република Македонија? Република Македонија високо котира на ова скалило на земји кои што се корисници на тутун, односно на пушење. Имено, според официјалните податоци во рамките само на Европската унија, во рамките на Европа Македонија се наоѓа на високото второ место веднаш после Полска, позади нас е Русија според бројот на испушени цигари на еден жител на годишно ниво. Имено, на прво место е Полска со 3 илјади цигари на еден жител за една година, на второ место сме ние зо 2.600 цигари на еден жител за една година и на трето место е Русија со 2.500 цигари испушени за една година од еден жител. Ако на ова се додаде фактот дека пушењето претставува ризик за многу болести, а пред се за карциномот на белите дробови за којшто постои официјален податок дека од 10 лица кои што ќе добијат карцином на белите дробови, 9 се пушачи, едниот е непушач. Меѓутоа и тој што е непушач бил во некој контакт со пушачите, односно бил пасивен пушач. Затоа овој закон е многу битен не само за пушачите туку и за оние лица кои што доаѓаат во контакт со пушачите. Каква е состојбата во Европската унија. Значи, таму, покрај ние што се стремиме да дојдеме.

Во 2003 година , Европската унија донесе согласност со сите земји, дека ќе се бори против рекламирањето на тутунот и тутунските производи. Во тој поглед, имајќи предвид дека тутунската индустрија ќе претрпи штети, заради оваа кампања против пушењето, Европската комисија донесе и такви некои финансиски стимулации за оние компании кои што ќе бидат изложени на трошоци, односно на загуби во своето работење и им помагаше во поглед на преструктуирањето на својата дејјност.

Кога зборуваме за Европската унија, јас би го цитирал извештајот на евро комесарот на Европската унија за здравство, господинот Маркус Кипријану, кој што изјави дека годишно во Европската унија умираат 650 илјади лица, како последица на директно пушење од цигарите. И уште 200 илјади лица, односно работници завршуваат трагично, како резултат на пасивно пушење, поради работното место, каде што биле со колеги кои што биле пушачи. Се знае дека во чадот од цигарите има преку 4 илјади материи кои што се штетни. Од нив е докажано дека најмалку 50 се канцерогени и оттука, интересот што е кај сите нас пратениците за овој закон, меѓутоа и во јавноста во Македонија е и те како голем и се јавија голем број пратеници кои зборуваа за овој закон.

Мене ме радува фактот што со измените на овој закон некои мерки се потенцираат, односно стануваат се поригорозни. Имено, со законот се вели децидно дека се забранува пушењето на сите јавни места. Со законот се вели дека се забранува рекламирањето на тутун и тутунски производи на сите јавни места. И тоа е добро.

Понатаму, бидејќи во досегашниот период имавме проблем со имплементација на законот, не со самиот закон, туку со негово имплементирање во јавноста, според овие измени се зајакнуваат органите кои што вршат надзор на контролата на пушењето.

Имено, до сега покрај Државниот пазарен инспекторат за труд и социјала, за просвета, за здравство, сега се јавува уште еден орган кој што

ќе биде надзор над овој закон, а тоа е униформираниот полициски службеник. Добро е што според овој закон се предвидува оние лица кои што се сиромашни, кои што не можат да ги платат казните, сега со овој закон се овозможува наместо парична казна од нивна страна да биде прифатено за вршење на општо корисна работа.

На крајот, би кажал колеги дека мене како непушач ме радува фактот што се донесува тој закон и ме радува фактот што во досегашните дискусии никој не рече дека нема да го подржи законот, со исклучок на двајца пратеници кои што рекоа дека ќе гласаат воздржано и тоа е добро. Тоа е добро, зато што ние како пратеници, дел од нас се пушачи, а дел непушачи, меѓутоа, доблест е на секој пратеник да гласа за закон кој што е за општо добро за населението, а не да ги гледа своите лични интереси, своите лични задоволства.

Ќе кажам исто така дека ако една нација, како што е Турција, која што со векови е зависна од никотинот, ако успеа таа нација да воведе ред во своето законодавство, во поглед на оваа материја и ако тие забранија дури да се емитуваат фолмови на кој што ќе има било каква сцена со пушење, тогаш не е спорно дека и ние мораме, дека немаме друг избор да го прифатиме законот и максимално да го имплементираме. Овде би додал една поговорка која што вели: “Не го гледајте попот што ви кажува, туку гледајте што прави”. Со тоа сакам да кажам дека ние како пратеници ќе бидеме пример за овој закон. Значи, ние прво да го почитуваме законот онака како што е дословно запишан. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за здравство, почитуван колега Пачемски,

Во најголем дел се согласувам со вашата дискусија и ви давам подршка за она што го рековте во насока на пушењето, неговата штетност и сигурно дека вашата професија дава можност стручно и компететно да го претставите тоа. Тука ја имате целосната подршка. Би сакала да кажам, да реплицирам во насока на тоа што и вие самиот рековте дека имаме 5 измени во последниве години, меѓутоа јас ќе ви кажам дека од 1995 година, па се до сега, за жал, сите работи во законите, значи во овој тип на закон за забрана на пушењето се решаваа парцијално. Токму на тоа укажувме и се надевам дека ќе добиеме подршка, затоа што многу брзо ќе предложиме во собраниска процедура еден закон, кој што ќе биде повторно во согласност со европските директиви. Тука не можам малку да се согласам до крај со вас, затоа што во Европската унија, покрај ваков закон имаме закон за ограничување на потрошувачката на тутунски производи, кои што во голема мера ги решава сите овие проблеми, дури и она што вие го спомнавте, заштита на тутунската индустрија. Значи, за тоа говориме ние и ни треба еден сепофатен закон за ограничување на потрошувачката на тутунскате производи во кој што во целост ќе бидат решени, ќе повторам, производството, потоа продажбата и рекламирањето на тутунските производи.

Со еден ваков закон во голема мера ќе дојде и суштински да се дејствува на намалување на бројот на пушачите, секако и злоупотребата и шверцот на цигари што, за жал, ако се земат статистичките податоци дека во последните неколку години за 30% е намалена легаланата продажба на цигари, упатува на тоа дека, а вие кажавте дека бројот на пушачи е на второ место во Европската унија. Значи, за жал, е зголемена илегалната продажба на цигари, токму она што ние го говориме.

Очекувам подршка од вас во оваа насока. Единствено не можам да се согласам во насока на општокорисната работа што според мене е еден рецидив од некои минати времиња. Дотолку повеќе и министерот за здравство покрај толку нерешени проблеми во здравството напластени со години наназад, да се занимава со определување на висината. Ве молам дајдте му на министерот за здравство да го работи она што е примерно, бидејќи и така се соочува со многу проблеми во здравството.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Госпоѓо Роза Топузова Каревска, јас во мојата дискусија реков дека законот е многу добар, меѓутоа имаме проблеми со имплементацијата на истиот. Така што и во земјите во Европската унија законот има сериозни проблеми во поглед на неговата имплементација. Постојат официјални податоци, особено во непочитување на законот каде предначат Германија, Шпанија и Луксембург. Тие што се занимаваат со една ваква проблематика кажуваат дека сепак во некои од овие држави кои даваат најголем отпор на имплементацијата на законот, постои некоја можеби, поврзаност помеѓу политичките структури и некои тутунски компании, меѓутоа тоа е прашање за друга прилика.

Секако, јас сум убеден дека со имплементацијата, барем до некаде, на овој закон, јас сум убеден дека после година две, еден голем процент на оние кои се пушачи ќе се откажат од пушењето.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед дека господинот Владо Бучковски не е тука во салата, го губи правото за збор.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата веројатно нема доволен број пратеници за да може полноважно да се гласа.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник. Според тоа можеме да гласаме.

Предлагам да се гласа по заклучокот.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници. Од нив за гласаа 54, воздржан 1, против 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеници, за гласаа 53, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Јани Макрадули и Радмила Шекеринска, поднесоа амандман на член 6 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6, поднесен од пратениците Јани Макрадули и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Бујар Османи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот, да се пријават за збор.

За збор по амандманот се пријавија господинот Јани Макрадули, госпоѓа Радмила Шекеринска и господинот Горан Сугаревски.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Со амандманот се предлага примената на членот 2, зборовите 1 декември 2008 година да се заменат со зборовите 1 декември 2009 година.

Ќе се обидам да дадам неколку аргументи во прилог на нашиот амандман, при што сакам да укажам дека во извештајот од работното тело што го имам од Законодавно-правна комисија, ова е како коментар од министерот, претставникот на предлагачот, а веројатно тоа бил некој човек кој Министерството за здравство, образложи дека законот за целосна забрана за пушењето ќе влезе во сила во 2010 година. Мислам дека тоа не е точно, дека таа одредба веќе постои, туку во одредени објекти и установи ќе биде комплетно забрането пушењето. Инаку не е точна оваа констатација што во овој момент ја имаме како материјал од Законодавно-правна комисија, туку имаме закон кој е во сила. Но, да се вратам на амандманот.

Имено со членот 4 се забранува рекламирањето на директен и индиректен начин на тутунски производи на тутунската индустрија, во било која форма и тука се дадени сите низи или во разни алинеи се дадени, објектите, медиумите, технологиите во кои е забрането рекламирањето.

Сметам дека периодот од кога треба да почне овој закон да се применува, а тоа е 1 декември 2008 година, практично ќе биде 15-тина дена, заедно со излегувањето во службен весник, од примена на овој закон.

За жал, многу објекти во Република Македонија имаат визуелно или се опремени не само како цигари, туку како тапети, рекламни материјали кои веќе постојат во тие кафичи или ресторани. Мислам дека тој период од 15-тина дена, сето тоа реновирање да заврши е невозможно. мислам дека овој период е прекраток. Значи, зборувам како непушач и сакам да  и дадам економски призвук на оваа забрана која лошо ќе се одрази во економијата во Република Македонија и за многу спортски клубови и музички и културни манифестации.

Дилемата, кога го имаме овој амандман, ќе ја споделам со вас почитуван министре. Имено, имаме неколку спортски клубови или објекти кои потпишале спонзорство за сезоната која е почната, или културни манифестации за настани кои однапред се договорени. Не мислам дека во 15 дена сите тие работи можат да се откажат, да се пренаменат, предефинираат или да најдат други спонзори.

Многу земји искористија, до влегувањето во Европската унија искористија да бидат простор во кој ќе се врши рекламирање на тутун и тутунски производи и тоа не е ништо чудно и страшно, бидејќи економскиот ефект од тоа е огромен. Јас ќе го дадам примерот со формула 1, организирањето. Не мислам дека организирањето на формула 1 во Република Македонија, до влегувањето во Европската унија е лоша работа. Напротив, да изразам жалење што моите фаворити минатиот пат не станаа светски прваци, но тоа е друга тема. Многу земји искористија од тоа, бидејќи огромни милиони евра инвестиција е поттикната, од што ќе живее тој град, а за нас е тоа цела држава, од една таква манифестација или таков настан каков што е формула 1. Затоа мислам дека рокот од 15 дена да се отстранат сите тенди, сите чадори, сите кафичи, внатрешен дизајн, ентериер, екстериер е направен со индиректен призвук, значи не зборувам само за директниот начин на рекламирање, туку и за индиректен, сега да не употребам една најчеста реклама на една цигара, да не бидам погрешно сфатен.

Мислам дека за 15 дена таа работа не се завршува. Затоа, некои културни манифестации, реков, што веќе се закажани со спонзорство од некои производи, повторно со индиректен начин на рекламирање, не не директен начин, ќе треба

да најдат своја замена или спонзорство во многу краток период. Затоа предлагаме ова рекламирање на тутунските производи и на тутунската иднустрија во било која форма, директно или индиректно, да се одложи примената бидејќи рокот од 1 декември 2008 година е неприменлив. Според новиот Деловник има една одредба, бидејќи овој закон е носен со претходниот Деловник, ќе има влијание на субјектите кои зависат од овој закон. Многу субјекти ќе треба да направат сериозни инвестиции, бидејќи зависат од носењето на овој закон. Мислам дека 15 дена се прекраток период, практично невозможно, за да можат тие, она што се бара со законот, да го направат. Можеби година дена периодот што го предлагаме за вас е предолг, но мислам дека минимум 6 месеци односно 9 месеци или година дена како што викаме е оптимален период за да можат сите субјекти, од една страна, сите организатори на спортски и културни манифестации од друга страна, да се пренасочат кон изнаоѓање на други спонзорства за реализирање на манифестациите. Заради тоа што е таква индустријата, рекламирањето и инвестициите во маркетинг секторот, таму се брои со милиони евра, тоа на сите ни е јасно. Затоа мислам дека многу земји кога се одлучиле да влезат во ваква строга забрана, се согласувам со ЕУ директива, го прават со влегувањето во Европската унија. Ние нема да бидеме ниту прва, ниту последна земја што многу законски одредби сме донеле, а важењето на законот да биде од влегувањето во Европската унија. Можам тука да наведам примерни, но тоа не е битно. Затоа, прво сите послужавници и сите пепељари да ги смените во сите кафичи во Република Македонија, за 15 дена тоа не можете да го направите. Од наједоставен пример да тргнеме, не може за тој период да се заврши. Затоа Владата, можеби и вие да размислете, да дадете еден разумен рок ако сакаме законот де биде применлив, инаку ќе остане само слово на хартија што во даден момент ќе задоволи одредена директива, но нема да биде применлив во пракса.

Наспороти тоа, она што го говореа и другите колеги, на униформираните полициски службеници ќе им дадете уште една работа, покрај тоа да го спроведуваат Законот за јавна чистота, практично да си ја запостават професионалната определба да бидат чувари на редот и мирот, туку ќе се претворат само во луѓе што ќе казнуваат, дали некој фрлил мастика или некој има пепељара во кафичот, што е индиректна реклама од некој тутунски производ. Мислам дека реформите во полицијата, согласно ЕУ директивите и ние полициските службеници ќе ги претвориме, бидејќи за жал, министерката, пардон, портпаролот за внатрешни работи Јанкуловска, им дава налог на полицајците колку пријави да донесат за прекршоци во доменот на јавната чистота, сега ќе и биде наредено полициските службеници да фатат три пепељари и четири послужавници на кои има индиректни обележја на тутунски производи. Мислам дека за 15 дена таа работа не се завршува, само ќе бидат медиумите полни со примери дека законот не се спроведуа, а ние како Собрание што сакаме овој закон да стапи во сила, сакаме истиот да биде применлив.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам претседателе.

Прво, строгите правила кои се воведоа и со претходните закони, па и со овој закон за измени и дополнувања на Законот за пушење, се строги не заради тоа што тоа го бара Европската унија, барем така сметам, туку заради тоа што е добро за македонските граѓани и нивното здравје. Што значи, кога говориме за тоа дека се усогласуваме со европските директиви и тоа не го правиме кога ќе влезе Македонија во Европската унија,туку го правиме сега, јас сметам дека треба да ја употребиме вистинската логика, го правиме тоа сега, заради тоа што утре поголемото пушење од страна на македонските граѓани значи минус за нивнот здравје и значи огромен минус за Фондот на здравство. Јас за тоа не сметам дека ние треба да ги одложиме примената на некои од овие мерки дури кога ќе влеземе во Европската унија. Земјите членки на Европската унија ги применуваат овие правила затоа што сфатија дека математиката е поразителна, дека бројот на заболени од последици од пушење се зголемува секојдневно и сакаат да стават крај на таквиот тренд. Добро е што и Македонија ги следи, не заради условите за Брисел, туку заради сопствената проценка. Меѓутоа, сметам дека еден закон е добар само толку колку што е применлив. Овој закон ќе биде добар, не според тоа колку ја транспонирал, или ја препишал, или ја пренел европската одредба, туку според тоа, кога ќе влеземе во ресторан или во Парламент, или во во било кој друг јавен простор, дали тој ќе се применува или не. Јас сум скептична господине министре дека тоа ќе биде така, бидејќи да не заборавиме, согласно  важечкиот закон против пушењето во овие простории, вклучително и во просториите кои им се на располагање на работниците и во моментот е забрането да се пуши. Меѓутоа, би ви препорачала господине министре, да влезевте пред два дена во Клубот на пратениците, да влезевте пред два дена во ресторанот, ќе видевте дека многу повеќе присутни пушат отколку не пушат и фала богу, дознаваме дека претседателот или генералниот секретар на Парламентот издал наредба со која што забрането е пушење. Меѓутоа тоа покажува колку во Македонија работите ни се свртени наопачки. Не е битен законот кој што е закон за сите, вклучително и за пратениците, не е битно законот што кажува, битно е што ќе каже претседателот и гернералниот секретар кои апсолутно не би требале да имаат ниту право ниту можност да се мешаат во спроведување на законот.

Значи, да не пишаа таква наредба, законот и понатаму ќе го кршеа луѓето кои го изгласале Законот. Зошто мислам јас дека во овој дел од одредбите на Законот, ова е неприменлив закон. Што вели членот кој што ние сметаме дека треба да се промени. Тој член вели вака, во било кој ресторан, во било кој мал дуќан, во билокоја продавница за продавање на весници, мастики и било какви други ситни предмети, ако денеска стои реклама дури и на најмалото место на чадор, на тенда, на самиот ѕид кој што има во себе име на некоја цигара, име на некој тутунски производ, според овој закон кој што е предложен за 15 дена , тие не смеат да бидат на тоа место. Во Македонија Владата често пати сака да милува да се пофали со тезата дека бизнис климата е извонредна. Се разбира дека тоа го тврди само Владата, а сите оние кои што живеат со таа бизнис клима и сите оние кои што се дел од бизнисот во Македонија тврдат дека реалноста е поинаква. И, главната критика која што ја упатуваат на Владата и на Парламентот е дек аникогаш не знаат какви ќе бидат законите утре. Таман ќе направат некој бизнис, план, ќе се организираат, ќе направат проекции за следните неколку години, одеднаш преку ноќ на некој креативен министер во Владата или на некој креативен пратеник ќе му текне да ги смени правилата на игра. Ќе ги смени правилата на игра инеговиот бизнис план паѓа во вода. Бизнис климата е толку добра, колку што се долготрајни законите. Ако секој втор ден ги менуваме законите не постои бизнис клима во Македонија. Бизнис климата е особено тешка за сите оние кои имаат мали и исредни фирми, а кои што вработуваат најголем број на вработени во Република Македонија. Тој кој што отворил ресторан, тој кој отворил мал дуќан, тој кој отворил трафика, на тие луѓе секој денар им е важен. Не треба овој Парламент да дозволи преку ноќ на тие луѓе на кој денарот им е броен да им ги менуваме правилата на игра. Пред неколку месеци Валдата направи катастрофален експеримент со воведувањето на таканаречените патриотски каси кои што се претворија само во каси за неколкумина моќници во врвот во власта. Заради тие така наречени патриотски каси кои не функционираат, влезете во било кој ресторан или продавница ќе видите дека тоа што пишува македонски производи, нема врска со реалноста. Еден сок кој што е произведен надвор од Македонија се брои како македонски производ. Ако исцедиле јаболка или портокал, портокалот не е од Македонија, а стои како македонски производ. Хаос. Никој тоа не го контролира, бидејки не може да се контролира. Е, сега, на тие на кои им направивме такви трошоци да платат дополнително сметки, да дадат пари за софтверот, да чекаат со денови за да добијат патриотска каса, сега нив ќе гиобремениме со уште една давачка и ќе им речеме за 15 дена променете ги сите чадори, за 15 дена променете ги, како што спомна колегата, сите послужавници, променете ги менијата, променете ги ѕидовите, искречете ја просторијата во која што работите и за 15 дена ќе ги задоволувате условите на законот. Се разбира дека тоа нема да се случи, затоа што објективно не може тоа за 15 дена да се заврши. Да не зборувам дека голем дел од тие фирми имаат договори со тутунската индустрија кој што ги обврзале, добиле чадори за да ги рекламираат. Можеби добиле и некои средства за да инвестираат во дуќанот, за да ја извршат рекламата. Значи, што ќе ни се случи после 1 декември? После 1 декември сите тие имиња ние и понатаму ќе ги гледаме околу нас. Прошетајте само во радиус околу 100 метри околу Парламентот, ќе видите 10, 15, 20 имиња на цигари. Ќе видите дека и после 1 декември истите ќе не гледаат и ќе покажат дека Парламентот носи закони кои никој не ги почитува. Или, ќе имаме полицајци кои наместо да гонат повеќе криминал, тие ќе трчаат наоколу и ќе казнуваат заради име на некој чадор. Мислам дека навистина треба да им дадеме шанса на луѓето кои сакаат да го почитуваат законот тоа да го направат без да им пропадне бизнисот, да имаат баремнеколку месеци да се прилагодат. Кога зборуваме за бизнисот, кога зборуваме за малите ис редните претпријатија полни усти ни се пофалби и тврдиме сите во партиските програми, вклучително и владеачката ВМРО-ДПМНЕ дека ќе им направиме услови во кои што тие ќе можат да цветаат. Е, се извинувам, со ваква одлука за која што тие не знаеле до денес, ние им земаме дополнително од џеб на сите тие сопственици на мали и средни претпријатија кои вработуваат илјадници луѓе.

Значи, ја подржувам вашата политика, прво, на редуцирање на местата каде што може да се пуши и ја подржуваме вашата политика дека рекламите односно рекламирањето на тутунските производи се лоша пракса, ама дајте тоа да го направиме како што треба без да направиме цената да ја платат луѓето кои ја движат македонската економија, без разлика од најмали дуќани до поголеми претпријатија.

Заради тоа, јас сепак би апелирала до министерот да размисли, не се менува воопшто законот, ама ќе покажеме дека имаме слух за луѓетокои можеби до овој Парламент и не можат да стигнат. Голема компанија која вработува нови луѓе и има огромен профит секогаш ќе најде начин да се сретне и со минситерот, ќе најде начин да се сретне и со пратениците, ама овие илјадници мали фирми и продавници немаат шанси тоа да го напрват и затоа зависат од вашата добра волја.

Јас би предложила министерот, до колку смета дека овој закон треба да се применува и тоа за сите подеднакво, без разлика дали дуќанот е од некој оддржувач на ВМРО-ДПМНЕ или на ДУИ или на СДСМ или е независен, да не биде ова искористено како начин на рекетирање и уценување од страна на било кој од инспекторите, туку законот да важи ама да почне да важи во разумен рок.

На крајот, уште само еден коментар кој што го кажав и на почетокот. Многу е добро што сме ригидни и прилично строги кон пушењето, меѓутоа јас ве уверувам дека многу повеќе луѓе во Македонија ќе платат данок на своето здравје и можеби и ќе платат и со живот поради загадувањето на големите загадувачи, отколку поради тоа што се пасивни пушачи. Јас очекувам дека пратениците од ВМРО-ДПМНЕ кои зборуваа против за во подршка на законот и тогаш кога ќе дискутираме за ОКТА и за другите ќе бидат гласни и во подршка на граѓаните.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Има збор господинот Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги, почитуван министре за здравство.

Апсолутно не знам од кои причини овој амандман од страна на Владата не е прифатен и мислам дека парламентарното мнозинство апсолутно треба задолжително да го прифати од причини што едноставно не постојат никакви објективни услови со кои што ова во рок од 15 или 20 дена, како што и колегите кажаа пред мене, би се извршило со реновирање на едне куп објекти, дали се угостителски или други. Меѓутоа, во рок од 15 или 20 дена едноставно има објекти каде што ѕидовите се обележени со светлечки реклами, со паноа, со тенди и т.н. и мислам дека премал е периодот од 15 или 20 дена за сето тоа да се спроведе. Ако не е во тој рок од 15 или 20 дена спроведен, веднаш после се знае што доаѓа. Настапува санкционирање од првиот ден, ќе дојдат инспекторите и униформираните полицајци, ќе спроведат санкции на сите оние луѓе кои веројатно нидо тој датум, можеби нема ни да бидат известени дека треба да ги извршат тие промени. Мислам дека овој амандман треба да се прифати од причини што еден поголем временски период треба се со цел превентивно да им се укаже на оние сите кои што треба да извршат свои промени, како што вели членот 4, рекламирање на одредени тутунски производи од тутунската индустрија во било која форма директно или индиректно, значи во извесен временски период, како што Јани Макрадули спомна, од минимум 9 месеци до 1 година, каде што сите тие реновирања би ги извршиле, нормално се со цел луѓето кои работат во тој дел на мали и средни претпријатија не бидат загрозени,не бидат санкционирани уште од првиот ден. Мислам дека парламентарното мнозинство апсолутно треба да има слух за овој амандман, бидејки се работи за 15 до 20 дена ние бараме рок од минимум 9 месеци, како што вели амандманот, до една година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исрпена листата на приајвени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 55 пратеници, 12 гласаа за, воздржани нема, 43 пратеници се против.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 поднесен од пратениците Јани Макрадули и Радмила Шекеринска.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои скаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејки нема пријавено за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратениц, од нив за Предлогот на законот гласаа 58 пратеници, од гласањето 1 се воздржа, против 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за придонеси од задолжително социјално осигурување,со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворма претрес по Предлогот за донесување на законот.

Пред да продолжиме понатаму, процедурално бара госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Бидејќи во овој момент добивме амандман поднесен од страна на Валдата на Предлог законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, а имајќи предвид дека СДСМ како пратеничка група е заинтересирана многу, особено за секој член и за секој поднесен амандман од овој закон во согласност со одредбите од Правилникот барам пауза во име на пратеничката група на СДСМ во рок од еден час за да можеме да го изанализираме амандманот кој што сега ни е поднесен и секако да видиме што значи она, овој амандман спореден секако со нашите амандмани кои што сме ги поднеле.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 17,25 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,22 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија господинот Николов Марјанчо, господинот Јашари Аднан, госпоѓата Шекеринска Радмила, госпоѓата Марку Јулиета, министерот за финансии, господинот Макрадули Јани, госпоѓата Мираковска Соња, госпоѓата Иванова Цветанка, господинот Мисовски Горан.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Најпрво сакам да изразам задоволство од плодните расправи во врска со текстот на Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон за придонесот од задолжително социјално осигурување кои што се водеа во текот на минатата недела на неколку собраниски комисии, вклучително и матичните за финансирање и буџет и труд и социјална политика, или обратно која може да се смета за матична на овој закон и другите комисии. Заради тоа што јавниот радио дифузен сервис пренесува дел од расправите или дискусиите, со тоа беше запозната и македонската јавност и тоа придонесува за целокупната дебата по однос на овој Предлог на закон.

Почитувани, Република Македонија се одликува како што е општо познато со нестандардно висока стапка на невработеност, една од највисоките во регионот и во Европа. Високата невработеност е резултат на квантитативно и квалитативно, како што би рекле експертите, несовпаѓање на понудата и побарувачката на работна сила, но покрај структурните проблеми, причина за невработеноста и релативно високата неформалан вработеност, непријавена вработеност е и големата оптовареност на работната сила со даноци и придонеси. За споредба, капиталот како фактор на производството во Република Македонија се оданочува со стапка од 10%, со примената на концептот на рамен данок, а тоа е стапката на данокот на добивка, додека пак трудот се оданочува со 10% стапка на персонален данок на доход и дополнителни 32% придонеси за задолжително социјално осигурување. Ние во нашата терминологија придонесите ги нарекуваме придонеси од плати, но во некои од другите светски јазици, тие придонеси го имаат токму називот даноци на плати. Значи, поради ваквото нерамномерно оданочување на двата производни фактори, капитал и труд, многу од македонските претпријатија применуваат, рационални од економски аспект, стратегии, како што се супституција на трудот со капитал или неформално ангажирање на работна сила, што во исто време е и причина за висока невработеност и висока стапка на сива економија. Во исто време тоа значи понизок раст на економијата заради недоволно искористување на расположивата работна сила, понизок животен стандард и пониска социјална сигурност во смисла на неможност за обезбедување на соодветни пензии за старост.

Затоа Владата на Република Македонија е решена и во иднина да продолжи со спроведување на длабоки промени како на пазарот на работна сила така и во социјалната сфера. Токму затоа денес Владта на Република Македонија го предлага донесувањето на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Во ова обраќање до вас, би сакал дополнително да образложам заради кои причини се предлага донесвување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, како и да ги објаснам позитивните промени кои ќе следат во системот по неговото стапување во сила, односно по започнувањето на неговата примена. Најнапред, би сакал да известам дека пред усвојувањето на овој Предлог закон од Владата, во повеќе наврати направени се консултации со социјалните партнери, генерално е обезбедена поддршката и од страна на работодавачите и од страна на работниците, односно синдикатите.

Како најзначајни причини за донесување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, односно за донесување на единствен закон во кој ќе се регулираат обврските за плаќање на социјалните придонеси, односно финансирањето на системите на социјално осигурување, би ги издвоил следните:

Прво, во досегашниот период обврските за плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување беа дефинирани во различни закони кои ги уредуваат системите и правата од задолжително социјално осигурување. Со Предлог законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се обезбедува унифицирање на поимите, уредување на обврските за плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување, дефинирање на стапките, основиците и висините на придонесите за задолжително социјално осигурување на едно место, што значи обезбедување на транспарентност на системот во кој различните субјекти ќе ги добијат сите неопходни информации со увид во само еден закон.

Второ, во досегашниот систем беа дефинирани различни минимални основици за плаќање на социјалните придонеси што придонесува за значителна разлика помеѓу она што ние го нарекуваме нето и бруто плата, или стручно познат како платен јаз, особено кај ниските нивоа на плати и донекаде делуваат дестимулативно врз работодавачите да ги пријавуваат како вработени и социјално да ги осигуруваат работниците, исто така и безработниците кои претпочитаа да добијат повисока плата отколку да

работат за пониска плата и да се социјалн осигурени.

Со Предлог законот за придонеси од задолжително социјално осигурување направено е намалување и усогласување на минималната основица за плаќање на придонеси на 50% од просечно исплатена плата по работник во Републиката. Намалувањето на минималната основица е значајно за намалување на платниот јаз кај ниските нивоа на плати односно ниските нивоа на образование и квалификации каде е највисока невработеноста и сивата економија.

Почитувани, само да ве потсетам дека во моментот минималната основица за плаќање на придонесе за пензиско и инвалидско осигурување изнесува 65% од просечната плата, додека минималната основица за придонесите од здравствено осигурување изнесува 50% од просечната плата.

Во рамките на проектот за хармонизација на основиците беше зацртана крајна цел за изедначување на овие основици и тоа го правиме со овој Предлог, од 1 јануари наредната година, значи 50% минимална основица за плаќање на сите придонеси.

Трето, во Предлог законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се уредува еден сегмент во уредувањето на концептот на исплата на бруто плата на работниците односно со законот се воведени две категории, обврзник за плаќање на социјалните придонеси и обврзник за пресметка и уплата на придонесите.

Со промена на пресметката и концептот на исплата на плата, обврзник за плаќање на придонесите е работникот, а работодавачот ќе ги уплатува придонесите во име и за сметка на работникот. Со промената јасно ќе се придонесе за наметнување на чувството на личен придонес во системите и директно поврзување на трошокот односно уплатените придонеси со правото кое од него произлегува. Со овој закон се стеснуваата маргините за можна манипулација од страна на работодавачот во насока на избегнување на обврската за плаќање на придонеси со тоа што директен обврзник за плаќањето на придонесите е работникот, а обврската за плаќање е врзана со исплата на плата.

Би сакал да истакнам дека Република Македонија е меѓу ретките (ако не и единствена) земја каде обврската за плаќање на придонеси ја има работодавачот и единствено тој. Ваквата практика е рецидив од поранешниот социјалистички систем кој поради политички причини никој досега во Република Македонија не го промени. Имено, во системот во кој претпријатијата беа во сопственост на државата, или работниците (работничкото самоуправување), прифатливо беше претпријатијата да ги плаќаат социјалните придонеси (затоа што идеолошки работниците беа работници, но и работодавачи сами за себе). По промената на системот и воведување на пазарна економија и покрај реформирањето на останатите односи во општеството, веројано заради наследениот менталитет, најтешко се менуваат односите на работниците кон работодавачите и државата, а и односот кон сопствената иднина, во смисла на негување и создавање на чувство дека некој друг треба да се грижи за нас и соодветно на истото да не обезбеди за старост. Сепак треба да биде јасно дека трудот е тој кој овозможува заработувачка од која самите издвојуваме за старост и за здравствена заштита. Овој Предлог закон во голема мера ќе придонесе за воспоставување на односи кои се природни во пазарната економија.

Почитувани, само едно објаснување затоа што во јавноста, кога започнавме повеќе да зборуваме за оваа материја, се јавија најразлични несоодветни објаснувања дека наводно ќе се исплатувала целосна плата и бруто плата на работниците, па тие да си ги плаќаат своите придонеси. Таков систем не функционира никаде и не е возможен. Кога ние купуваме некој производ од продавница не ја плаќаме само основната цена без вклучен ДДВ. Го плаќаме целокупниот износ, а продавачите односно трговецот, кај производите што имаат во себе ДДВ, е должен да го пресмета, задржи и уплати на соодветно место ДДВ. Значи сите бојазности дека тука може да настане некоја, да речам, дискрепанца за врзување на системите за социјално осигурување, не држи.

Четврто, во досегашниот систем надлежни за наплатата на придонесите беа различни институции.

Со Предлог законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се создава основ за интегрирана наплата на придонесите и персоналниот данок од дохот од страна на една институција, а тоа е Управата за јавни приходи.

Со интегрирањето на наплатата ќе се овозможи олеснување на административната процедура и на трошоците на работодавачот, поврзани со пресметките на платите, придонесите и персоналниот данок од доход, како и поажурно следење и контролирање на плаќањето на придонесите од страна на Управата за јавни приходи и надлежните институции. Во Законот се предвидени соодветни казни за одбегнување од плаќање односно евазија, како за обврзникот за пресметка и уплата на придонесите, тука глобата изнесува од 2000 до 3000 евра во денарска противвредност, а тоа е за работодавачот, така и за обврзникот за плаќање на придонесите за кого глобата е определена на минималниот износ, пропишан со Законот за прекршоци, од 500 до 1000 евра во денарска противвредност. Знажи во случај, доколку не се достави известување до Управата за јавни приходи, дека обврзникот за пресметка и уплата на придонесите, му исплатил плата, а не му доставил доказ за плаќање на придонесите на работникот.

Петто, во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се дефинирани и намалените стапки на придонесите кои ќе важат за 2009 година, 19% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, 7,5% за задолжително

здравствено осигурување и 1,4% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност. За 2010 година стапките се 16,5%, 7,5% и 1,2% респективно, како и за 2011 година каде што стапките, како што е дефинирано и со Програмата на Владата и со претходно донесена Одлука од стрна на Владата на 15% за пензиско и инвалидско осигурување, 6% за задолжително здравствено осигурување и 1% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.

Како значајна новина која се воведува со овој закон, би ја издвоил категоријата на највисока основица за плаќање на придонеси. Имено, за прв пат се воведува горен праг односно максимален износ до кој ќе се плаќаат придонеси и истиот е дефиниран во износ од 4 просечни плати. Причините заради кои се воведува тоа е фактот дека Владата има разбирање за тоа дека е ограничен максималниот износ за пензија која се стекнува по основ на пензиско и инвалидско осигурување, а по основ на здравствено осигурување, без разлика на висината на средствата кои се уплатуваат, се добиваат еднакви здравствени услуги од националниот јавен систем за здравствена заштита. Затоа на износот повисок од највисоката месечна основица, во иднина нема да се пресметуваат и уплатуваат придонеси, според овој Предлог. Сметаме дека во рамките на тие 4 просечни плати вклучен е и принципот на солидарност кај системот за здравствена заштита и принципот на меѓугенерациска солидарност кај пензиското и инвалидско осигурување.

Исто така би сакал да истакнам дека заради усогласување со овој закон, Владата ќе предлози измени во десетина закони и дополнително ќе го задолжи Министерството за труд и социјална политика да ги направи неопходните подготовки за промена на колективните договори со социјалните партнери во насока на редефинирање на платите кои ќе им се исплаќаат на рабониците на бруто износ.

Почитувани, само да истакнам, за да нема овде забуна, измените во најголем дел се технички односно се однесуваат на терминолошки усогласувања каде што фигурираат поимите нето плата и бруто плата.

Во рок од 15 дена по стапување во сила на Законот, од страна на министерот за финансии ќе се донесе акт - Правилник за пресметка и уплата на придонесите, во кој детално ќе биде разработена целата постапка на пресметка и уплата на придонесите. Исто така од истиот орган ќе се пропише и Упатство за платен инструмент. Предвиден е единствен платен инструмент за исплата на плата на рабониците и уплата на придонесите и персонален данок од доход со што ќе се олесни административната процедура и трошоците на работодавачот, поврзани со пресметката на платите, придонесите и персонален данок од доход. Благовремено од страна на Министерството за финансии ќе се организира обука за работодавачите и сметководителите, во која ќе се презентира новиот начин на пресметка на платите, придонесите и персоналниот данок од доход.

Почитувани, направени се бројни симулации од страна на Министерството за финансии, на барање на собраниските комисии. Некои, колку што гледам се доставени до вас пратениците. Ние во текот на расправата ќе бидеме подготвени да дадеме некои појаснувања доколку има потреба од такви. Симулациите покажуваат дека фондовите, и покрај намалувањето на стапките на придонесите од почетокот на наредната година, не се загрозени особено Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, додека Владата со буџетот кој ќе го достави до Собранието, ќе предложи средства за компензација на евентуалната загуба кај здравствениот фонд.

Останува, почитувани да ви заблагодарам за вниманието. Очекуваме дека ќе го прифатите овој Предлог на закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално за збор се јавува господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Би сакал да ве замолам, ако може да ги обезбедиме стенографските белешки од излагањето на министерот.

**Трајко Вељаноски:** Нема проблем. Ќе ги добиете стеногафските белешки.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,44 часот)